# НАЦРТ- УРБАНИСТИЧКА РЕВИЗИЈА
# ЗА ОПШТИНА ДЕБАР - 2022

Содржина


1.Регионално опкружување ... 3

1.1 Регионална економија и граници на околината на општината ... 5

1.2 Демографија... 9

2. Урбанистичка поставеност и организација на општина Брвеница ... 11

2.1 Зафатеност на земјиштето ... 12

3. Трендови и проекции на население ... 13

4. Економија ... 14

4.1 Локална патна инфраструктура и домување ... 19

4.2 Земјоделство... 20

4.3 Туризам и угостителство ...22

5. Услуги, средства и одржување ... 23

5.1 Општински средства... 33

5.2 Работи за одржување... 34

6. Недостатоци и потреби ... 35

7. Проекти за урбан развој, завршени, во тек и идни проекти ... 37

8. Предложени проекти, избор и консултации... 41

8.1 Преглед на процесот на консултации ... 41

8.2 Критериуми за квалификување и за приоритет на проектите... 47

# 1. Регионално опкружување

Општината Дебар е лоцирана во западниот дел на Република Македонија и припаѓа на Југозападниот плански регион. Општината е сместена на Дебарското Поле помеѓу падините на планината Дешат, Дебарското Езеро и долината на реката Црн Дрим, која воедно го полни езерото зедно со реката Радика. Територијата на општината Дебар на североисток се граничи со општиниа Маврово и Ростуше, на југ со Центар Жупа и на мал дел со Струга, на југоисток со Кичево и Дебарца и на запад со Република Албанија.






*Слика 1: Општина Дебар* *Слика 2: Населени места во Општината*

Општината Дебар е стара општина и како таква функционирала во различни периоди. Од 2004 година согласно Законот за териоријална организација на локалната самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 22/2004) општина Дебар е формирана во границите во кои таа и денес постои. Општината брои вкупно 18 населени места, од кои спред Пописот на наслението од 2002 година, 3 села се наполно раселени (Бомово, Коњари, Тараник). Седиште на општината е Град Дебар.

Според пописот на население од 2021 година во Општината живеат 15.412 жители на територија од 145,75 км$^2$ каде густината на населеност е 105,74 жители/км$^2$. Вкупниот број на домаќинства во 2021 година изнесува 4.157 со просечно членство по домаќинство од 3,71. Според проценките на Државниот завод за статистика од 2021-та година, вкупното население во Општината изнесува 15.412 жители, од кои 7.677 (49,81%) се мажи а 7.735 (50,19%) жени.

Општина Дебар претставува мултиетничка и мулти културна средина. Национална структура на населението е следна: 8.438 (54,75%) Албанци; 2.733 (17,23%) Турци; 1,155 (7,49%) Македонци; 1.140 (7,40%) Роми; 424 (2.75) Други неспомнати, 8 (0.05) Бошњаци; 6 (0.04) Непознато; 5 (0,03%) Срби; 2 (0.01) Власи; 2 (0.01) Не се изјасниле.

Општината има мошне поволна географска положба. На нејзина површина се составуваат двете значајни и живописни кањонски долини по течението на реките Радика и Црни Дрим. Природните убавини на планините: Дешат, Кораб и Стогово, со кои е опкружена општината, Дебарското езеро, Дебарските бањи и значајните археолошки наоѓалишта, биодиверзитетот и културните атракции, овозможуваат фреквентна посетеност на општината преку цела година.

Акумулационото езеро Шпиље спаѓа во групата на најпродуктивни хидроцентрали во Македонија со преку 300 милиони кв/часа годишно.

Општина Дебар е карактеристична по изобилието на геотермални води, претставени преку изворите Бањиште (на надморска височина од 900 м. и три извори со температура од 36 до 39,3°C, и штедност од 5,2 до 51 л/сек) и Косоврасти (на надморска височина од 600 м. со температура од 48°C, и штедност од 120 л/сек).

На територијата на општина Дебар се наоѓа единствениот гипсен релјеф во Македонија, што се протега во должина од 9 км. Гипсот е со изразено висок квалитет: Содржи 99 % чист гипс, при што според квалитетот се рангира помеѓу најдобрите во светот.

Структура на земјиштето се состои од шуми 9.064ха (30%), пасишта 10.679ха (36%), обработливо земјиште 9.507ха (33%) и необработливо земјиште 2,6ха (1%). Од аспект на полјоделството во 2015 година биле засеани 1.742ха од кои под житни растенија 32,15%(воглавном пченица), 0,57% индустриски растенија, 6,14% градинарски култури и 56,83% фуражни растенија (воглавном луцерка). Согласно податоците од Пописот на земјоделство, 2007 година, вкупниот број на крави достигнува до 1,400 грла, а на овци и до 20,000 грла. Меѓу другото, одгледувањето на пчели е во развој како и производството на високо квалитетен и еколошки мед. Во минатото, земјоделието била значајна економска гранка во овој крај, но поради ограничените можности таа не може да биде носител на развојот на општината.

Бројот на вкупно економски активното население е 5.825 или 42,55 % од вкупното население на возраст од 15 и повеќе години. Бројот пак на економски активното население, што е вработено е 2.417 жители или 17,65 % од вкупното население над 15 години. Процентот на економски активни и вработени лица е исклучително мал, што предизвикува да социо-економските услови во општината се на ниско ниво.

Градското население во општината се занимава со трговија, производство и услуги, а руралното население со сточарство, земјоделство и шумарство.

Главни носители на стопанството во општината Дебар се: АД ”Кнауф-Радика” (фабрика за производство на гипс и гипсени префабрикати); АД ”Депласт” (фабрика за производство на разни производи од пластика); ХЕЦ ”Шпиље” (хидроелектрана), “Исен Комерц” (фабрика за тестенини), “Еурогипсум” (гипс), “Редимикс-Кораб” (бетонска база) и други помали произвотствени капацитети.

Во областа на туризмот на општинско ниво е развиен бањскиот туризам чиј носител е здравствениот ресорт ,,Дебарски бањи-ЦАПА,, со над 150 вработени и капацитет за сместување од 700 легла во хотелите во с. Бањиште, с. Косоврасти и хотелот Венец во Дебар. Покрај бањскиот туризам може да се развијат и езерскиот, планинскиот и селскиот туризам.

Конфигурацијата на теренот во општината создава услови за користење на речните води и претставува голем потенциал за гардење мини централи за производство на електричната енергија.

Близината на охридскиот аеродром и развиената патна мржа и овозможуваат на општината добра сообраќајна поврзаност. Сообраќајното поврзување на Дебар со останатите делови на Македонија се реализира преку регионалните патишта Р-409 ( Маврови Анови -Дебар - граница со Република Албанија, Блато) и Р-418 (Струга-Дебар) постои и една сообраќајница Р-415 (Бошков Мост-Извор) која не е целосно доизградена. Двата регионални патни правци Р-409 и Р-418 кои се издвојуваат од магистралниот патен правец М-4 по двата природни коридора, односно долините

на реките Црн Дрим и Радика, овозможуваат лесно поврзување и комуницирање на градот Дебар како со соседните населени места и општини така и со останатите делови во внатрешноста на Републиката. Должината на регионалните патишта низ општината изнесува 44,95км.

Локалните патишта кои го поврзуваат градот со населените места се асфалтирани и реконструирани и нивната вкупна должина изнесува 104,99км (асфалтирани 39,49км (37,61%), поплочени до бехатон коцки 20,5км (19,53%), макадам 37км (35,24%), земјани 6км (5,71%) и непросечни 2км (1,9%).

Воспитно образовниот процес во општината се остварува преку три основни училишта: ОУ ,,Саид Најдени,,, ОУ ,,Пенестија,, (,,Братсво Единство,,) - Дебар со паралелки и во село Џепиште и ОУ ,,Ристе Ристески,, с Долно Косоврасти со паралелки во селата во Горно Косоврасти и Могорче со вкупен број од околу 2.500 ученици и едно едно средно училиште ,,29-ти Ноември,, (,,Здравко Чочковски,,) со околу 780 ученици.

Во општината има 11 спортски објекти со површина од 17,92м2, од кои три се спортски центри, еден базен, четири објекта во склоп на основните училишта/гимназија, една градска сала и еден градски стадион, и еден независен спортски објект.

Во однос на пристапот до вода за пиење во општина Дебар, 80% од населението ја задоволува оваа потреба и тоа главно урбаното население. Во руралните средини, најчесто изостануваат водоснабдителните системи, па жителите потребата за вода за пиење ја обезбедуваат преку зафаќање на изворишта. Иако најголемиот број жители во општината се приклучени на водоснабдителен систем, важно е да се нагласи, дека системите за водоснабдување се во доста лоша состојба (главно затоа што датираат од поодамна, но и поради фактот, што слабо се одржуваат). Како голем недостаток се истакнува непостоењето на прикладен систем за наводнување, којшто би бил значаен од аспект на поттикнување и остварување одржлив земјоделски развој.

## *1.1 Регионална економија и граници на околината на општината*

Според претходните податоци на Државниот завод за статистика, добиени од годишните сметки на деловните субјекти и од други извори, бруто – домашниот производ за 2018 година изнесува 658 053 милиони денари и во однос на 2017 година е номинално зголемен за 6,5%. Реалната стапка на раст на БДП во 2018, во однос на 2017 година, изнесува 2,7%.

Најголемо учество на додадената вредност со 19,6% во структурата на БДП, во 2018 година, имаат секторите: Е, Ж и З – Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и моторцикли; Транспорт и складирање; Објекти за сместување и сервисни дејности со храна.

Финалната потрошувачка во 2018 година, во однос на 2017 година, номинално расте за 5,3%, а во сруктурата на БДП учествува со 80,7%.

Учеството на извозот на стоки и на услуги во структурата на БДП во 2018 година изнесува 60,6%.

Вредноста на инвестициите во основни средства во 2018 година изнесува 130 242 милиони денари.

Во техничката структура на инвестициите во основни средства, градежните работи учествуваaат со 57,4%, машините и опремата со 34,1%, а останатите инвестиции со 8,5%

*Табела бр. 1: Бруто домашен производ, 2003 – 2018 година*

| | БДП во тековни цени (во милиони денари) | БДП по жител во евра (по тековен курс) | БДП во милиони евра (по тековен курс) | Стапки на реален раст на БДП во % | БДП-дефлатор |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| 2003 | 268 694 | 2 164 | 4 386 | 2.2 | 101.7 |
| 2004 | 280 786 | 2 252 | 4 578 | 4.7 | 99.8 |
| 2005 | 308 447 | 2 470 | 5 032 | 4.7 | 104.9 |
| 2006 | 334 840 | 2 682 | 5 472 | 5.1 | 103.3 |
| 2007 | 372 889 | 2 982 | 6 095 | 6.5 | 104.6 |
| 2008 | 414 890 | 3 308 | 6 772 | 5.5 | 105.5 |
| 2009 | 414 622 | 3 300 | 6 767 | -0.4 | 100.3 |
| 2010 | 437 296 | 3 459 | 7 109 | 3.4 | 102.0 |
| 2011 | 464 186 | 3 665 | 7 544 | 2.3 | 103.7 |
| 2012 | 466 703 | 3 680 | 7 585 | -0.5 | 101.0 |
| 2013 | 501 891 | 3 948 | 8 150 | 2.9 | 104.5 |
| 2014 | 527 631 | 4 141 | 8 562 | 3.6 | 101.4 |
| 2015 | 558 954 | 4 382 | 9 072 | 3.9 | 102.0 |
| 2016 | 594 795 | 4 659 | 9 657 | 2.8 | 103.5 |
| 2017 | 618 106 | 4 839 | 10 038 | 1.1 | 102.8 |
| 2018[1)] | 658 053 | 5 153 | 10 698 | 2.7 | 103.6 |

[1)] Претходни податоци

Извор: Државен завод за статистика

*Табела 2: Преглед на активни деловни субјекти на територијата Југозападен регион кој опфаќа 9 општини, по години, е во следната табела:*

| | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 |
|---|---|---|---|---|
| | **Вкупно** | **Вкупно** | **Вкупно** | **Вкупно** |
| **Југозападен регион** | 7209 | 7520 | 7268 | 7218 |
| **Вевчани** | 103 | 99 | 103 | 102 |
| **Дебар** | 500 | 507 | 517 | 519 |
| **Дебарца** | 110 | 131 | 118 | 120 |
| **Кичево** | 1447 | 1495 | 1462 | 1411 |
| **Македонски Брод** | 158 | 166 | 152 | 146 |
| **Охрид** | 2622 | 2774 | 2654 | 2608 |
| **Пласница** | 52 | 47 | 46 | 41 |
| **Струга** | 2134 | 2223 | 2138 | 2198 |
| **Центар Жупа** | 83 | 78 | 78 | 73 |

Извор: Државен завод за статистика

Според приказот во табелата погоре, поголемиот број на претпријатија во југозападен регион се сконцентрирани во 3 општини поголеми општини, Охрид, Струга и Кичево . Вкупниот број на активни деловни субјекти во Југозападен регион за 2021 година изнесува 7218, што претставува 9,9% од вкупниот број на деловни субјекти на ниво на Република Северна Македонија.

*Табела 3: Активни деловни субјекти по сектори на дејност според НКД Рев.2, на територијата на општина Дебар , по години, состојба 31 декември.*

| | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 |
|---|---|---|---|---|
| Вкупно | 500 | 507 | 517 | 519 |
| А Земјоделство, шумарство и рибарство | 11 | 10 | 10 | 11 |
| Б Рударство и вадење на камен | - | - | 1 | 1 |
| В Преработувачка индустрија | 50 | 54 | 50 | 50 |
| Г Снабдување со ел. енергија, гас, пареа и климатизација | - | - | - | - |
| Д Снабдување со вода; отстранување наотпадни води; управување со отпад; санација на околината | 1 | 1 | 1 | 1 |
| Ѓ Градежништво | 43 | 44 | 54 | 59 |
| Е Трговија на големо и на мало; поправка на моторни возила и моторцикли | 202 | 201 | 202 | 195 |
| Ж Транспорт и складирање | 24 | 24 | 26 | 26 |
| З Објекти за сместување и сервисни дејностисо храна | 61 | 56 | 57 | 56 |
| Ѕ Информации и комуникации | 3 | 3 | 3 | 2 |
| И Финансиски дејности и дејности на осигурување | 4 | 4 | 4 | 4 |
| Ј Дејности во врска со недвижен имот | - | - | 1 | 1 |
| К Стручни, научни и технички дејности | 22 | 24 | 27 | 29 |
| Л Административни и помошни услужни дејности | 9 | 10 | 9 | 8 |
| Љ Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување | 3 | 3 | 3 | 3 |
| М Образование | 5 | 5 | 6 | 6 |
| Н Дејности на здравствена и социјална заштита | 35 | 36 | 35 | 34 |
| Њ Уметност, забава и рекреација | 11 | 11 | 10 | 11 |
| О Други услужни дејности | 16 | 21 | 18 | 22 |

Извор: Државен завод за статистика

Најголемиот број на активни деловни субјекти на територијата на општина Дебар се во секторот на Трговија на големо и на мало поправка на моторни возила и моторцикли, со

значителна разлика во однос на другите сектори. Вториот сектор по бројност на деловни субјекти е градежништво кој брои 59 субјекти, третиот сместување и сервисни дејностисо храна со 56 субјкети и преработувачка индустрија кој брои 50 субјекти. Бројот на деловни субјект во останатите сектори е помал, и се движи од 1-35 субјекти.

## 1.2Демографија

*Табела 4: Според пописот во 2002 година, вкупниот број на население во општина Дебар изнесува* 19542 *жители кои живеат во* 3917 *домаќинства и* 4606 *живеалишта.*

| Општина | Вкупно жители | Домаќинства | Живеалишта (сите видови на домови) |
|---|---|---|---|
| Дебар | 19542 | 3917 | 4606 |

Извор: Државен завод за статистика

*Табела 4.1: Според пописот во 2021 година, вкупниот број на население во општина Дебар изнесува* 15412 *жители кои живеат во* 4157 *домаќинства и* 6130 *живеалишта.*

| Општина | Вкупно жители | Домаќинства | Живеалишта (сите видови на домови) |
|---|---|---|---|
| Дебар | 15412 | 4157 | 6130 |

Извор: Државен завод за статистика

Според податоците на Табела 4 и 4.1 се забележува дека во општина Дебар има пад на бројот на жители за 4130 жители.

Падот на бројот на регстрирани жители споредувајќи ги бројките од двата пописа се однесува на фактот дека, општина Дебар постојано се соочува со појава на иселување и миграција на населението, а голем број од населението заминува на привремена работа во западно европските земји. Истата појава на намалување на бројот на жителите се однесува и во вкупниот број на жителите на Северна Република Македонија.

Земјајќи предвид дека согласно податоциите од избирачките списоци за локалните избори 2021 година , бројот на граѓаните со право на галс во Општна Дебар односно со возраст од 18 години и повеќе е 19 211 (извор: Државна изборна комисија -Локални избори 2021), може да се

дојде до заклучок дека релниот број на жителите е различен од  статистичките податоци.

*Табела 5: Население во Република Северна Македонија на 31.12.2020 по специфични групи на возраст, по пол, по општини, по години, според промените во територијалната поделба од 2014 година.*

| Дебар | 2017 | | | 2018 | | | 2019 | | | 2020 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно 20939 | Мажи 10760 | Жени 10179 | Вкупно 21003 | Мажи 10798 | Жени 10205 | Вкупно 21044 | Мажи 10822 | Жени 10222 | Вкупно 21075 | Мажи 10822 | Жени 10253 |
| 0 | 220 | 113 | 107 | 200 | 108 | 92 | 192 | 93 | 99 | 189 | 91 | 98 |
| 1-2 | 428 | 211 | 217 | 422 | 215 | 207 | 418 | 219 | 199 | 390 | 199 | 191 |
| 3-4 | 509 | 268 | 241 | 500 | 246 | 254 | 428 | 211 | 217 | 422 | 215 | 207 |
| 5-6 | 490 | 247 | 243 | 483 | 254 | 229 | 508 | 267 | 241 | 500 | 246 | 254 |
| 7-9 | 718 | 367 | 351 | 727 | 374 | 353 | 752 | 380 | 372 | 723 | 376 | 347 |
| 10-14 | 1285 | 668 | 617 | 1216 | 629 | 587 | 1170 | 603 | 567 | 1221 | 621 | 600 |
| 15-19 | 1481 | 807 | 674 | 1462 | 795 | 667 | 1429 | 774 | 655 | 1344 | 718 | 626 |
| 20-24 | 1829 | 987 | 842 | 1752 | 954 | 798 | 1682 | 916 | 766 | 1584 | 859 | 725 |
| 25-27 | 1171 | 601 | 570 | 1168 | 584 | 584 | 1137 | 578 | 559 | 1163 | 626 | 537 |
| 28-29 | 797 | 395 | 402 | 770 | 410 | 360 | 807 | 422 | 385 | 770 | 385 | 385 |
| 30-34 | 1861 | 969 | 892 | 1942 | 976 | 966 | 1929 | 978 | 951 | 1941 | 994 | 947 |
| 35-39 | 1667 | 900 | 767 | 1702 | 919 | 783 | 1741 | 937 | 804 | 1808 | 962 | 846 |
| 40-44 | 1497 | 768 | 729 | 1501 | 787 | 714 | 1543 | 809 | 734 | 1543 | 816 | 727 |
| 45-49 | 1373 | 677 | 696 | 1410 | 695 | 715 | 1394 | 689 | 705 | 1454 | 732 | 722 |
| 50-54 | 1419 | 711 | 708 | 1428 | 716 | 712 | 1426 | 727 | 699 | 1398 | 684 | 714 |
| 55-59 | 1265 | 659 | 606 | 1291 | 669 | 622 | 1326 | 677 | 649 | 1333 | 680 | 653 |
| 60-64 | 1075 | 577 | 498 | 1076 | 567 | 509 | 1109 | 581 | 528 | 1162 | 603 | 559 |
| 65-69 | 729 | 356 | 373 | 795 | 403 | 392 | 850 | 447 | 403 | 870 | 466 | 404 |
| 70-74 | 413 | 191 | 222 | 450 | 214 | 236 | 526 | 241 | 285 | 571 | 277 | 294 |
| 75-79 | 387 | 166 | 221 | 374 | 160 | 214 | 330 | 140 | 190 | 335 | 139 | 196 |
| 80+ | 319 | 122 | 197 | 328 | 123 | 205 | 341 | 133 | 208 | 348 | 133 | 215 |
| Непознато | 6 | 0 | 6 | 6 | 0 | 6 | 6 | 0 | 6 | 6 | 0 | 6 |

Извор: Државен завод за статистика

Според податоците од табела 5, се гледа дека проекциите на бројот на население во општина Дебар е во константен благ раст. Разликата во бројот на население помеѓу 2002 и 2020 година изнесува +1533 лица, односно населението се зголемило за 7,84 %. Додека, според пописот од 2021 година, бројот на населението изнесува 15.412.

Во понатамошна анализа за потребите на Урбанистичка ревизија  е извршено и теренско истражување во наслените места односно месни заедници со над 10 жители според пописот од 2002 година. Ово истражување покажува дека со податоците од месните задници во однос на

бројот на жителите повеќе се совпаѓа со  податоците од заводод за статистика  од табела бр. 6. Од теренското истражување е утврдено дека селата  Селокуќи-Шулане, Спас, Осој, Крифци, Татар Елевци пополно се ислени,  Во селата Хаме драстично е намален бројот на жителите каде моментално живеат 2 домаќинства, додека во село Гари населението изнесувало 2 жители.

Во последните 4 години за кои има податоци, односно за 2017, 2018, 2019 и 2020 година, во општина Дебар во просек се раѓале 201,5 деца годишно. Бројот на живородени деца во овие 4 години, е во благ пад во однос на 2016 и 2017, како што е прикажано на следната табела.

*Табела 6: Живородени деца според возраста на мајката во Република Северна Македонија, по општини, по години и склучени бракови по години.*

| **Дебар** | **2017** | **2018** | **2019** | **2020** |
|---|---|---|---|---|
| Вкупно | 222 | 200 | 195 | 189 |
| Под 15 години | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 15-19 | 13 | 13 | 9 | 10 |
| 20-24 | 70 | 51 | 48 | 48 |
| 25-29 | 76 | 80 | 82 | 80 |
| 30-34 | 40 | 40 | 39 | 32 |
| 35-39 | 20 | 12 | 12 | 19 |
| 40-44 | 3 | 4 | 5 | 0 |
| 45-49 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 50 години и повеќе и непознато | 0 | 0 | 0 | 0 |

Извор: Државен завод за статистика

## 2. Урбанистичка поставеност и организација на општина Дебар

Општина Дебар зафаќа површина од 145,75 км² и се наоѓа во Југозападен  регион на Република Северна Македонија, што е 4,27% од вкупната површина на Јузападен  регион, кој се простира на територија од  3,340  км².  Седиште на Опшината е градот Дебар и има уште 17 села, и тоа: Баниште, Бомово, Гари, Горно Косоврасти, Дебар, Долно Косоврасти, Коњари, Кривци, Могорче, Осој, Отишани, Рајчица, Селокуќи-Шулане, Спас, Татар Елевци, Тараник, Хаме. Според статистичките податоци од пописот 2002 потполно ислени се селата Бомово, Коњари и Тараник, а од теренските истажувања ( Јули 2022) во селата Селокуќи-Шулане, Спас, Кривци, Осој и Татар Елевци нема жители. Под 10 жители имаат селата Гари и Хаме.

## 2.1 Зафатеност на земјиштето

Табела бр. 7 Зафатеност на земјиште

| Населени места | 1. Домување | | | | | 2. Други намени | | | | | ∑ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1.1 | 1.2 | 1.3 | 1.4 | ∑ | 2.1 | 2.2 | 2.3 | 2.4 | ∑ | ∑ |
| | Површина – Опслужено домување | Површина – Недоволно опслужено домување | Површина – Нерегуларно домување | Површина на неурбанизирано земјиште (нива, пасишта, ливада, шума и друго) | **Вкупна површина – домување** | Големи објекти | Дејности | Зелени површини | Патишта – отворен простор | **Вкупна површина – други намени** | **Вкупно површин (1.1+ 1.1+1.4 ) +(2)** |
| | ха | ха | ха | ха | ха | ха | ха | ха | ха | ха | ха |
| Бaниште | 6.72 | 1.48 | | 966.98 | **8.2** | 0 | 0.52 | 3 | 0.3 | **3.82** | 979 |
| Гари | 5.33 | 3.27 | | 3732.63 | **8.6** | 0 | 0.47 | 2 | 0.3 | **2.77** | 3744 |
| Горно Косоврастси | 9.42 | 5.08 | | 734.4 | **14.5** | 0.5 | 0 | 2 | 0.6 | **3.1** | 752 |
| Дебар | 326.4 | 13.6 | | 836.04 | **340** | 3.2 | 11.5 | 4.36 | 15.9 | **34.96** | 1211 |
| Долно Косоврасти | 30.96 | 7.74 | | 800.18 | **38.7** | 0.8 | 0.62 | 2.4 | 1.3 | **5.12** | 844 |
| Кривци | 0 | 1.2 | | 375.7 | **1.2** | 0 | 0 | 0 | 0.1 | **0.1** | 377 |
| Могорче | 35.75 | 29.25 | | 1219.32 | **65** | 0.14 | 0.28 | 0.26 | 2 | **2.68** | 1287 |
| Осој | 2.2 | 0.9 | | 1077.2 | **3.1** | 0 | 0 | 1.5 | 0.2 | **1.7** | 1082 |
| Отишани | 13.68 | 12.62 | | 821 | **26.3** | 0 | 0 | 0.6 | 1.1 | **1.7** | 849 |
| Рајчица | 3.97 | 2.23 | | 254 | **6.2** | 0 | 0.2 | 0.1 | 0.5 | **0.8** | 261 |
| Селокуќи-Шулане | 0.9 | 1.2 | | 419.4 | **2.1** | 0 | 0 | 0 | 1.5 | **1.5** | 423 |
| Спас | 0 | 5.2 | | 490.4 | **5.2** | 0 | 0 | 0 | 0.4 | **0.4** | 496 |
| Татар Елевци | 0 | 1.1 | | 442.7 | **1.1** | 0 | 0 | 0 | 0.2 | **0.2** | 444 |
| Хаме | 2.81 | 2.39 | | 314.5 | **5.2** | 0 | 0 | 0 | 0.3 | **0.3** | 320 |
| Џепиште | 13.06 | 6.44 | | 321.15 | **19.5** | 0.12 | 0 | 0.13 | 1.1 | **1.35** | 342 |
| Бомово | 0 | 0 | | 516.29 | **0** | 0 | 0 | 0 | 0.71 | **0.71** | 517 |
| Коњаре | 0 | 0 | | 646.15 | **0** | 0 | 0 | 0 | 0.85 | **0.85** | 647 |
| | | | | | | | | | **Вкупно :** | | **14575** |

Извор: Катастар и проценка на општина

Информациите наведени во табелата погоре, се извлечени од Катастар на Република Северна Македонија, а според проценка на стручните служби на општина Дебар. Наведените површини во точки 1.1; 1.2 и 1.3, изразени во хектари се површините на градежно земјиште, без атарот на населеното место, додека во точка 1.4 наведена е површината на неурбанизирано земјиште.

## 3.Трендови и проекции на население

На следната табела е прикажано населението во општина Брвеница според пописот направен во 2002 година, како и проекција на населението во изминатите 4 години, според Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија.

*Табела 8: Население во општина Дебар по години*

| Дебар | 2002 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно | 19542 | 20939 | 21003 | 21044 | 21075 | 15412 |

Извор: Државен завод за статистика

Бројот на население според домувањето по населени места, е даден во следна-та табела. Забелешка: Опслужено домување е домувањето каде населението има целосна понуда на водоводна мрежа, канализациона мрежа, напојување со електрична енергија, интернет и изградена патна инфраструктура. Недоволно опслужено домување е домување каде населението има нецелосна понуда на горенаведените услуги, додека пак нерегуларно домување е домувањето каде населението има помалку од 10% од горенаведените услуги.

*Табела 9: Број на население по населени места од посета на терен*

| Населени места | Население | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Население – Опслужено домување | Население – Недоволно опслужено домување | Население – Нерегуларно домување | Вкупно население |
| Баниште | 33 | 7 | | 40 |
| Гари | 1 | 1 | | 2 |
| Горно Косоврастси | 536 | 288 | | 824 |
| Дебар | 14267 | 594 | | 14861 |
| Долно Косоврасти | 936 | 234 | | 1170 |
| Могорче | 1320 | 1080 | | 2400 |
| Отишани | 435 | 402 | | 837 |
| Рајчица | 35 | 20 | | 55 |
| Хаме | 4 | 4 | | 8 |
| Џепиште | 449 | 221 | | 670 |
| Вкупно | 18016 | 2851 | | 20867 |

Извор: Државен завод за статистика и проценки на општина Дебар

Бројот на население во табелата погоре е според проценките на општина Дебар. Имајќи во предвид дека бројот на населението во општина Дебар од 2002 до денес, константно расте, односно е зголемен за 1264 жители или 6%, Но во голем дел од овие населени места општината се соочува со емиграција на населениото во западно европските држави.

Како што може да се констатира во анлизата на бројот на жителите се појавуват разлики, имено бројот на население во општина Дебар во однос на бројот на жителие од Пописот од од 2021 (тебела број 4.1) и бројот на население по населени места од посета на терен прибавени од месните заедници (Табела бр.9). Предното се однесува од фактот дека посетата на терен е извршена во текот на јули месец, кога жителите кои работат надвор од државата се враќат во своите домови. а од руга страна и фактот дека Пописот се релизираше во месец септември период кога жителите кои привремено работат во странсво во голема мера заминуваат во привремна работа во странство. Ова појава за промена на бројот на жители е динамичена и се чуствува во за општина Дебар, како и во други општини, каде емиграција на населениото во западно европските држави и САД е осебено истакната.

## 4. Економија

Во општина Дебар во 2021 година имало вкупно 519 активни деловни субјекти, од кои 394 биле микро, 117 мали, 7 средни претпријатиа и 1 големо претпријатие. Бројот на активни деловни субјекти од 2017 до 2020 година, во глобала е речиси ист, со мала варијација, што може да се види од следната табела.

*Табела 10: Активни деловни субјекти по големина, по општини, по години, состојба 31 Декември.*

| Дебар | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | Промена 2018-2021 |
|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно | 500 | 507 | 517 | 519 | +19 |
| Микро | 398 | 396 | 396 | 394 | - 4 |
| Мали | 98 | 105 | 115 | 117 | +19 |
| Средни | 3 | 5 | 5 | 7 | +4 |
| Големи | 1 | 1 | 1 | 1 | 0 |

Извор: Државен завод за статистика

*Графикон бр. 1: Структура на активни субјекти по сектори за 2021 година*




Извор: Пресметка на авторот врз основа на податоци од ДЗС

Од графиконот се гледа дека најголемиот број на активни субјекти, претприја-тија се од областа на Трговија на големо и на мало; поправка на моторни возила и моторцикли 38 %. Следно, 11% се од областа на Објекти за сметување и сервисни дејности со храна, 11 % од претпријатијата се од областа на градежништвото, 10 % од областа на индустрија, 5 % од областа на трансорт и складирање, а другите дејности како што се опишани во графиконот.

*Табела 11: Број на активни субјекти според бројот на вработени, по региони, по години, состојба 31 Декември*

| **Југозападен регион** | **2018** | **2019** | **2020** | **2021** |
|---|---|---|---|---|
| Вкупно | 7209 | 7520 | 7268 | 7218 |
| 0 вработени или без податок | 675 | 558 | 397 | 393 |
| 1 – 9 | 6010 | 6423 | 6346 | 6290 |
| 10 – 49 | 405 | 420 | 399 | 412 |
| 50 – 249 | 107 | 108 | 115 | 111 |
| 250+ | 12 | 11 | 11 | 12 |

Извор: Државен завод за статистика

Од табелата погоре која се однесува на Југозападен регион, со оглед на тоа што Државниот завод за статистика нема вакви податоци селектирани по општини, гледаме дека вкупниот број на претпријатија во овој регион е во пад во 2021 година, споредбено со 2019 година, најмногу пад има на претпријатија со 0 вработени или без податок, има и благ раст на претпријатија кои имаат од 1– 10 вработени.

На следнава табела, можеме да го видеме бројот на претпријатија според секторите на дејност.

*Табела 12: Активни деловни субјекти по сектори на дејност според НКД Рев. 2, по општини, по години, состојба 31 Декември*

| | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | Промена 2018-2021 |
|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно | 500 | 507 | 517 | 519 | +19 |
| А Земјоделство, шумарство и рибарство | 11 | 10 | 10 | 11 | 0 |
| Б Рударство и вадење на камен | - | - | 1 | 1 | +1 |
| В Преработувачка индустрија | 50 | 54 | 50 | 50 | 0 |
| Г Снабдување со ел. енергија, гас, пареа и климатизација | - | - | - | - | 0 |
| Д Снабдување со вода; отстранување на отпадни води; управување со отпад; санација на околината | 1 | 1 | 1 | 1 | 0 |
| Ѓ Градежништво | 43 | 44 | 54 | 59 | 16 |
| Е Трговија на големо и на мало; поправка на моторни возила и моторцикли | 202 | 201 | 202 | 195 | -7 |
| Ж Транспорт и складирање | 24 | 24 | 26 | 26 | +2 |
| З Објекти за сместување и сервисни дејности со храна | 61 | 56 | 57 | 56 | -5 |
| Ѕ Информации и комуникации | 3 | 3 | 3 | 2 | -1 |
| И Финансиски дејности и дејности на осигурување | 4 | 4 | 4 | 4 | 0 |
| Ј Дејности во врска со недвижен имот | - | - | 1 | 1 | +1 |
| К Стручни, научни и технички дејности | 22 | 24 | 27 | 29 | +7 |
| Л Административни и помошни услужни дејности | 9 | 10 | 9 | 8 | -1 |
| Љ Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување | 3 | 3 | 3 | 3 | 0 |
| М Образование | 5 | 5 | 6 | 6 | +1 |
| Н Дејности на здравствена и социјална заштита | 35 | 36 | 35 | 34 | +1 |
| Њ Уметност, забава и рекреација | 11 | 11 | 10 | 11 | 0 |
| О Други услужни дејности | 16 | 21 | 18 | 22 | + 6 |

Извор: Државен завод за статистика

Според табелата, најголемиот број на деловни субјекти на територијата на општина Дебар се од областа на Трговија на големо и на мало; поправка на моторни возила и моторцикли. Бројот на овие деловни субјекти не варира премногу во изминатите 4 години, се намалил за само 7 претпријатија. Пораст се забележува кај деловни субјекти од градежништво за 16 а бројот на деловни субјекти во сите области и скоро да не се менува, варира за ± 7 претпријатија.

*Табела 13: Деловни субјекти во приватна сопственост регистрирани во општина Дебар со повеќе од 10 вработени, по дејност и број на вработени за 2021 година.*

| Дејност | Назив на субјект | Место | Број на вработени |
|---|---|---|---|
| **Преработувачка индустрија** | АД Кнауф-Радика | Дебар | 145 |
| **Транспорт и складирање** | Фламури | Дебар | 11 |
| **Преработувачка индустрија** | Ди-Гипс | Д. Косоврасти | 21 |
| **индустријата за преработка на метал** | Ди екотек | Дебар | 25 |
| **Угостителство - и здравство** | Дебарски Бањи-Цапа | Дебар | 180 |
| **Преработувачка индустрија -пекара** | Елита | Дебар | 24 |
| **Трговија и услуги** | Прима петрол | Дебар | 11 |
| **Услужни Дејности- кал центар** | Слице | Дебар | 220 |
| **Услужни Дејности- кал центар** | Ензо ајро | Дебар | 11 |
| **Услужни Дејности- кал центар** | Фикс-репонд | Дебар | 22 |
| **Трговија и услуги** | Даши комерц | Дебар | 31 |
| **Трговија и услуги** | Мега маркет | Дебар | 26 |
| **Трговија и услуги** | Амир маркет | Дебар | 16 |
| **Призводство на електрична енергија** | ХЕЦ Шпиле | Дебар | 80 |
| | | | |

Извор: Општина Дебар

Покрај споменатите приватни деловни субјекти кои се на територијата на општина Дебар, за равојот на економијата на општината од особено значење се ремитанците од нашинците со привремено вработување во странски држави.

## 4.1 Локална патна инфраструктура и домување

Локалната патна инфраструктура во општина Дебар, како еден од основните услови за развој на самата општина, е во постојано подобрување во изминатите години, и ќе продолжи да се подобрува и во иднина. Во 2015 година со асфалт и коцка биле покриени 86 км локални патишта, додека во 2020 со асфалт и коцка биле покриени 107 км од локалните патишта, што претставува зголемување за 21 км. Податоците се прикажани на следната табела.

*Табела 14: Локална патна мрежа, по општини, по години*

| **Дебар** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2015** | **2016** | **2017** | **2018** | **2019** | **2020** |
| **Вкупно** | 163 | 210 | 210 | 210 | 210 | 210 |
| **Асфалт и коцка** | 86 | 107 | 107 | 107 | 107 | 107 |
| **Макадам** | 36 | 47 | 47 | 47 | 47 | 47 |
| **Земјани** | 35 | 42 | 42 | 42 | 42 | 42 |
| **Непробиени** | 6 | 14 | 14 | 14 | 14 | 14 |

Извор: Државен завод за статистика

*Табела 15: Вид на живеалиште, број и површина на станови, број на индивиду-ални домаќинства, и просечна површина по член на индивидуално домаќинство.*

| Општина | Вкупен број на живеалишта | Вкупен број на живеалишта | Вкупна подна површина на м² | Подна површина на живеалишта зафатени од индивидуални домаќинства | Број на индивидуални домаќинства во живеалиштата | Број на членови на издивидуални домаќинства | Просечна подна површина (од живеалишта зафатени од индивидуални домаќинства) од член на домаќинството | Останати живеалижта |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Дебар | 4606 | 4602 | 463701 | 396710 | 3913 | 19535 | 20.3 | 4 |

Извор: Државен завод за статистика

## 4.2 Земјоделство

Приходите и добросостојбата на голем дел од населението на општина Дебар директно зависат од секторот земјоделие. Во матичниот регистар на земјоделските стопанства има 1365 активни лица.

Официјалните бројки покажуваат дека земјоделието овозможува вработување на 36% од вкупното работоспособно население во државата. Но сепак, реалната бројка е многу повисока бидејќи најчесто земјоделските активности се одвиваат на мали семејни фарми, а главен вид на вработување во овие земјоделски домаќинства е неформалното семејно вработување.

Севкупната земјоделска површина во општина Дебар изнесува 8.862 хектари, од кои 2458 хектари се обработливо земјиште, 1891 хектари, ораници и бавчи 115 ха Овоштарници, 2 ха лозја, 450 хектари ливди и 6403 пасишта хектари се шума. Со оглед на земјоделскиот карактер на општина Дебар, покрај горенаведените капацитети, исто така, постои потенцијалза отворање на деловни објекти за преработка на овошје, зеленчук, млеко и млечни производи, производи од месо и производство на сточна храна

*Табела 16: Земјоделски површини по категории на користење по општини според НТЕС 2013*

| Општина Дебар | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Земјоделска површина** | 8859 | 8845 | 10876 | 10870 | 10870 | 10870 |
| **Вкупна обработлива површина** | 2458 | 2444 | 2450 | 2444 | 2444 | 2454 |
| **Ораници и бавчи** | 1891 | 1872 | 1878 | 1872 | 1872 | 1872 |
| **Овоштарници** | 115 | 120 | 120 | 120 | 120 | 120 |
| **Лозја** | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 |
| **Ливади** | 450 | 450 | 450 | 450 | 450 | 460 |
| **Пасишта** | 6400 | 6400 | 8425 | 8425 | 8425 | 8415 |

Извор: Државен завод за статистика

Според табелата погоре, најголемиот дел од обработливата површина се користи за ораници и бавчи, додека најмалку за лозја.

*Табела 17: Површини и производство на посеви по општини, според НТЕС 2013*

| Општина Дебар | Засеана површина во хектари | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2016** | **2017** | **2018** | **2019** | **2020** | **2021** |
| **Пченица** | 350 | 360 | 360 | 360 | 350 | 355 |
| **Рж** | 20 | 20 | 20 | 20 | 15 | 18 |
| **Јачмен** | 20 | 15 | 15 | 15 | 15 | 18 |
| **Овес** | 10 | 20 | 20 | 20 | 20 | 20 |
| **Пченка** | 150 | 160 | 160 | 160 | 150 | 155 |
| **Тутун** | 15 | 15 | 15 | 15 | 10 | 12 |
| **Компири** | 40 | 40 | 46 | 40 | 30 | 42 |
| **Кромид** | 15 | 10 | 10 | 10 | 10 | 10 |
| **Лук** | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 |
| **Грав-главен посев** | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 6 |
| **Грашок-зрно** | 4 | 5 | 5 | 5 | 5 | 6 |
| **Зелка** | 10 | 10 | 10 | 10 | 10 | 10 |
| **Домати** | 10 | 10 | 10 | 10 | 10 | 10 |
| **Пиперки** | 10 | 10 | 10 | 10 | 10 | 10 |
| **Краставици** | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 |
| **Детелина** | 60 | 60 | 60 | 60 | 60 | 70 |
| **Луцерка** | 950 | 900 | 900 | 900 | 900 | 900 |
| **Крмна пченка** | 10 | 15 | 15 | 15 | 15 | 16 |
| **Добиточна репка** | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 6 |

Извор: Државен завод за статистика

Култури кои се најмногу застапени според податоците во табелата се луцерката додека пак најпопуларни култури се пченицата, пченката, компирот, пиперките, доматите и зелката. Исто така, од табелата се гледа дека ниеден од посевите не е драстично зголемен во последниве години. Некои од култури се одгледуваат во исти или слични количини.

*Табела 18: Број на овошни стебла и производство на овошје по општини, според НТЕС 2013*

| Дебар | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2015** | **2016** | **2017** | **2018** | **2019** | **2020** | **2021** |
| **Цреши** | 2500 | 2500 | 2500 | 2500 | 2500 | 2500 | 2550 |
| **Вишни** | 850 | 850 | 850 | 850 | 850 | 850 | 900 |
| **Кајсии** | 550 | 550 | 550 | 550 | 550 | 550 | 600 |
| **Дуњи** | 1900 | 1900 | 1900 | 1900 | 1900 | 1900 | 1900 |
| **Јаболка** | 10000 | 10000 | 10000 | 10000 | 10000 | 10000 | 10000 |
| **Круши** | 8000 | 8000 | 8000 | 8000 | 8000 | 8000 | 8050 |
| **Сливи** | 8000 | 8000 | 8000 | 8000 | 8000 | 8000 | 8050 |
| **Праски** | 900 | 900 | 900 | 900 | 900 | 900 | 950 |
| **Ореви** | 5400 | 5400 | 5400 | 5400 | 5400 | 5400 | 5450 |

Извор: Државен завод за статистика

## 4.3 Туризам и угостителство

Во областа на туризмот на општинско ниво е развиен бањскиот туризам чиј носител е здравствениот ресорт ,,Дебарски бањи-ЦАПА,, со над 150 вработени и капацитет за сместување од 700 легла во хотелите во с. Бањиште, с. Косоврасти и хотелот Венец во Дебар. Покрај бањскиот туризам може да се развијат и езерскиот, планинскиот и селскиот туризам. Туризамот и угостителство пртеставува важна гранка за локален економски развој имајќи предвид природните атракции, термоминералните води, планини, богатата хидрогафија од реки и Дебарското езеро, културното наследсво и другите потенциали за развој на комбинаран туризам. Гостите кој го постуваат Дебар се домашни а во последно време се повеќе и странски туристи. Освен бањскиот коплекс сместувачки капацитети нудат и други помали објекти и куќи во селата.

*Табела 19:* Сметувачки капацитети и капацитети во угостителство

| Капацитети за сместување, по општини, според Пописот на угостителството, 2008 | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Број на угостителски објекти | Број на легла | Површина на објектите ( м2) | Број на вработени |
| Дебар | 5 | 542 | 1180 | 90 |

| Капацитети во угостителството, по општини, според Пописот на угостителството, 2008 | | | |
|---|---|---|---|
| | Број на угостителски објекти | Површина на објектите (м2) | Број на вработени |
| Дебар | 52 | 3359 | 128 |

Извор: Државен завод за статистика

*20:* Табела Број и ноќевања на домашни и странски туристи

| Број и ноќевања на домашни и странски туристи по земја на припадност, 2016-2021 | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | година | Домашни туристи | Странски туристи | Вкупно |
| Број на туристи | 2016 | 6673 | 3528 | 10201 |
| | 2017 | 9312 | 3590 | 12902 |
| | 2018 | 8502 | 4928 | 13430 |
| | 2019 | 9009 | 4672 | 13681 |
| | 2020 | 4635 | 726 | 5361 |
| | 2021 | 7052 | 2127 | 9179 |
| Број на нокевања | 2016 | 49174 | 23242 | 72416 |
| | 2017 | 61466 | 23034 | 84500 |
| | 2018 | 61040 | 28111 | 89151 |
| | 2019 | 58702 | 27722 | 86424 |
| | 2020 | 22494 | 3828 | 26322 |
| | 2021 | 33232 | 12134 | 45366 |

Извор: Државен завод за статистика

Од ова табела се гледа дека во преиодот 2016- 2019 има раст како по бројот на туристите и бројот на ноќењава. Исто така се забележува дека имапостојан раст и на бројот на странските туристи.

Во преиодот 2020 -2021 се забележува дека има драстичен пад на бројот на туристи што е како последица на мерките за изолација поради пандемија од „КОВИД -19“, во кој период сметувачките капацитети беа затворени или работеа со ограничен капацитет.

## 5. Услуги, средства и одржување

Општина Дебар географски е поделена на два дела, и тоа рамничарски дел, кој се наоѓа на територија на Дебарската котлина, и ридско планински дел.

Во рамничарскиот дел спаѓаат следните населени места: Дебар,Бомово, Коњари, Кривци, Селокуќи, Спас, Тараник и Хаме.

Ридско– планински населени места се: Баниште, Гари, Горно Косоврасти, Долно Косоврасти, Могорче, Осој, Отишани, Рајчица, Татар Елевци и Џепиште

Во рамничарскиот дел на општината, најголемиот дел од населените места не се покриени со комунални услуги, од прична што освен град Дебар, сите друг населени места се иселени. Во однос на патната инфраструктура, водоводни мрежи и снабдување со електрична енергија, Дебар е во солидна состојба додека другите населени места имаат неколку недостатоци во врска со приклучок во инфраструктура. Сите населени места, освен село Тараник, имаат водоводен систем, напојување со електрична енергија.Со патна

инфраструктура, населените места Бомово, Коњари и Тараник се поврзани со локален пат од Дебар, додека населените места Кривци, Селокуќи, Спас и Хаме имаат излез во регионалниот пат Дебар- граничен премин Блате (Република Албанија). Канализациони мрежи има само во населените места Дебар и Хаме. Комунални услуги - собирање на смет има само во град Дебар. Во однос на пристапот до суперструктурните објекти основно училиште има само во Дебар, кои служаат и за учениците на другите населени места, и во кои треба да се интервенира во делот на енергетската ефикасност. Детска градинка има само во Дебар. Спортска сала има во Дебари во основните училишта во Дебар. Во однос на здравствени објекти -во Дебар се наоѓа Здравстениот Дом кој служи како болница за Општините Дебар и Центар Жупа, а во другите населени места жителите имаат пристап до матичниот лекар. Од аспект на култура и рекреација, во Дебар се наоѓа Јавната установа Центарзакултура- Дебар. Од аспект на јавна администрација, седиштето на Единицата на локалната самоуправа на Општина Дебар се наоѓа во Дебар, а воедно во Дебар се наоѓа и седиштето на ЈКП Стандард- Дебар, Противпожарната единица која ги покрива општините Дебар, Центар Жупа и Маврово и Ростуше, и подрачните единици на Министерство за финансии, Министер за правда, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерство за здравство, Министерство за внатрешни работи, Министерство за одбрана, Регионален центар за управување со кризи, Државен пазарен инспекторат, Државен инспекторат за земјоделство,Државна изборна комисија, Дирекција за заштита и спасување, Основен суд, Македонска пошта, Трезор на РСМ, Меѓуопштински центар за социјални работи, Пензионерски дом- Дебар, Агенција за катастар на недвижности, Агенција за храна и ветеринарство, Агенција за вработување, Полициска станица- Дебар, Царинска управа- Граничен премин Блато.Во сите населени места во рамничарскиот дел има пад на бројот на населението.

Ридско– планинските населени места пак, имаат добра патна инфраструктура, сите се снабдени со електрична енергија и имаат локална водоводна мрежа. Комунални услуги за јавна чистота сеуште нема во овие населени места. Канализациони мрежи има во овие населени места освен во село Гари, Осој и Татар Елевци. Во однос на суперструктурните објекти,основно училиште има во селата Могорче, Долно Косоврасти и Горно Косоврасти, додека средно училиште има во село Могорче. Има потреба за повторно ставање во функција на детската градинка во село Могорче според бројот на населението како најголемо село во општина Дебар.Комунална услуга- собирање на смет нема на ниедно место, освен за село Рајчица, од причина што тоа е најблиското село до Дебар. Во овие населени места нема објекти од културата. Во однос на здравствени објекти, помали амбуланти има во село Долно Косоврасти, Горно Косовраси, Џепиште- Отишани и Могорче, додека жителите во останатите населени местаимаат пристап до здравствените услугипреку матичниот лекар. Од аспект на јавна администрација, во село Џепиште се наоѓаподрачната канцеларија на Управата за водење на матичните книги, Полициска станица- Џепиште и Царинска управа- Граничен премин Џепиште.Населението во овие населени места е во континуирано паѓање.

Во табелата Список на инфраструктура и програмирање на услуги (СИПУ), во делот резултати е следната состојба:

- Густина и домување во општина Дебар е со просечна оценка 24.94, што е и реална состојба.
- Состојбата со патиштата во општината, просечната оценка според СИПУ табелата е 16840,10. Голем дел од локалните патни правци во населените места се асфалтирани, освен во некои селски населби каде ќе треба да се реконструират- асфалтираат дел од улиците, како на пример во населба Друго маало во Могорче, тротоар и во населба Долно маало во Џепиште, локалниот пат до Средно маало во Рајчица и др. Истотака, во Дебар има потреба од реконструкција на постоечки патишта и изградба на нови согласно потребите.
- Во делот Еколошки и санитарни услуги, Гари нема изградено канализациона мрежа, да се воспостави услуга на јавна чистота- собирање на комуналниот смет за сите населени места надвор од градот Дебар, сите населени места се покриени со електрична енергија и имаат водоводни мрежи од локални водоводи.
- Водоводна мрежа- потребно е да се реконструира и подобро управува во населените места Дебар, Могорче, менување на вентилите и каптажите во Могорче и Џепиште, бетонирање на каналот за наводнување во Џепиште, реконструкција на резерварот во Горно маало во Отишани, канализациона мрежа за одводнување на атмосферските води во Горно Косоврасти, санација на водоводнта мрежа во Долно Косоврасти и изградба на нов резервар за вода, додека во другите населени места има водоводни системи.
- Пристап до суперструктурни објекти – Во Дебар функсионира детската градинка, основни училишта има во Дебар, Долно Косоврасти, Горно Косоврасти, Могорче и Џепиште. Во Дебар и Могорче функсионираат и средни училишта, каде што во Дебар е новоизграден објект а во Могорче е во солидна состојба. Во споменатите населените места има оптимални услови за настава. Потребно е да се интервернира во училиштата во Дебар- ООУ Пенестиа, Могорче- основно училиште, Могорче- средно училиште, Џепиште- основно училиште, Долно Косоврасти- основно училиште, општнската зграда во Дебар, објектот на ЈКП Стандард- Дебар, и реконструкција на Детската градинка Брешиа,во делот на енергетската ефикасност со цел подобрување на условите и штедење на енергијата.
- Потребно е да се стави во функција детската градинка во село Могорче со оглед на бројот на населението, имено ова село е најголемо во општина Дебар, и од причина што објектот постои и порано ја вршел функсијата како детска градинка.
- Со цел на развој на спортските и младинските активности побарувањата на жителите се да се изградат повеќенаменски игралишта и реконструкција на отворените игралишта низ сите населени места. Потребно е осветлување на игралиштето во Горно Косоврасти. Спортски сали има само во Дебар.
- Исто така во делот на културата и рекреацијата, освен во Дебар, во другите населени места недостасуваат објекти од културата, да се подржуваат разновидни рекреативни и културни активности со цел да се обогати културниот и традиционалните активности. Во Дебар потребно е реконструкција на тетралната сала во Домот на културата и отварање на Музеј на Дебарскиот регион.
- Во сите населени места на општина Дебар има потреба од оддржување и поставвање на јавно осветлување.

Конечните резултати врз основа на Списокот на услуги и програмирање на услуги се дадени во следната табела од каде може да се забележи голема разлика помеѓу рамничарските населени места од ридско планинските населени места во поглед на бројот на неселението, пристап до суперструктурни објекти и еколошко санитарни услуги. Од табелата и конечните резултати се забележува дека во ците селски населени места има потреба од подобро управување со отпадот, овие населени места нивниот отпад го фрлат во диви депонии од причина што јавното комунално претпријатие нема можност за давање на оваа услуга поради недоволната опрема на располагање, односно недостасување на специјалел автомобил за собирање на отпад. Сепак, општината се труди да го заживее овој регион, со бројни проекти и напори да се развие руралниот туризам, за што општина Дебар има солидни капацитети.

# Табела 21- Список на Инфраструктура и програмирање на услуги

| | Населба | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.Попис | Баниште | Гари | Горно Косоврасти | Дебар | Долно Косоврасти | Могорче | Отишани | Рајчица | Хаме | Џепиште | Вкупно |
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | |
| **НАСЕЛЕНИЕ** | 40 | 2 | 824 | 14861 | 1170 | 2400 | 837 | 55 | 8 | 670 | 20867 |
| **ЗАФАТЕНОСТ НА ЗЕМЈИШТЕТО ВО ха** | 8.2 | 8.6 | 14.5 | 340 | 38.7 | 65 | 26.3 | 6.2 | 5.2 | 19.5 | 532.2 |
| **ПРИСТАП ДО ИНФРАСТРУКТУРА** | **0.82** | **0.62** | **0.65** | **0.96** | **0.80** | **0.55** | **0.52** | **0.64** | **0.54** | **0.67** | 0.6762 |
| Локални патишта | 0.9 | 0.6 | 0.6 | 0.9 | 0.9 | 0.4 | 0.5 | 0.5 | 0.7 | 0.7 | 0.67 |
| Водоснабдување | 0.9 | 0.8 | 0.9 | 1 | 0.9 | 0.85 | 0.7 | 0.9 | 0.7 | 0.9 | 0.855 |
| Канализациона мрежа | 0.6 | 0 | 0.8 | 0.9 | 0.9 | 0.6 | 0.5 | 0.4 | 0.4 | 0.8 | 0.59 |
| Електрична енергија | 0.98 | 0.9 | 0.95 | 1 | 0.98 | 0.9 | 0.9 | 0.9 | 0.9 | 0.95 | 0.936 |
| Услуги за комунален отпад | 0.7 | 0.8 | 0 | 1 | 0.3 | 0 | 0 | 0.5 | 0 | 0 | 0.33 |
| **ПРИСТАП ДО СУПЕРСТРУКТУРНИ ОБЈЕКТИ** | **0** | **0** | **0.25** | **1** | **0.25** | **0.375** | **0** | **1** | **0** | **0.375** | **0.325** |
| Основно образование | 0 | 0 | 1 | 1 | 1 | 1 | 0 | 1 | 0 | 1 | 0.6 |
| Средно образование | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0.3 |
| Детски градинки | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0.2 |
| Здравство | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 1 | 0 | 1 | 0 | 1 | 0.5 |
| Трговски објекти | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0.2 |
| Спортски и младински активности | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0.3 |
| Култура и рекреација | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0.2 |
| Јавна администрација | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 | 0.3 |
| **2.ПОКАЗАТЕЛИ** | | | | | | | | | | | |
| Густина и домување | 4.878 | 0.232558 | 56.82759 | 43.70882 | 30.2326 | 36.9231 | 31.8251 | 8.871 | 1.53846 | 34.359 | 24.93961504 |
| Патишта | 36 | 1.2 | 494.4 | 13374.9 | 1053 | 960 | 418.5 | 27.5 | 5.6 | 469 | 16840.1 |
| Еколошки санитарни услуги | 28 | 1.6 | 0 | 14861 | 351 | 0 | 0 | 27.5 | 0 | 0 | 15269.1 |
| Објекти | 0.00 | 0.00 | 206.00 | 14861.00 | 292.50 | 900.00 | 0.00 | 55.00 | 0.00 | 251.25 | 16565.75 |
| **3. РЕЗУЛТАТИ** | | | | | | | | | | | |
| Густина и домување | 1 | 1 | 5 | 4 | 3 | 3 | 3 | 1 | 1 | 3 | 2.5 |
| Патишта | 1 | 1 | 1 | 5 | 3 | 2 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1.7 |
| Еколошки санитарни услуги | 1 | 1 | 1 | 5 | 2 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1.5 |
| Објекти | 1 | 1 | 1 | 5 | 1 | 3 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1.6 |
| Краен резултат | 4 | 4 | 8 | 19 | 9 | 9 | 6 | 4 | 4 | 6 | |

Методолошко објаснување:

- ❖ Бројот на население е според посетата на терен..
- ❖ Површината на населените места е изразена во хектари и го опфаќа градежното земјиште на населеното место заедно со атарот
- ❖ Во делот за пристап до инфраструктура, предмет на евалуација се 3 категории на комунална инфраструктура како што е дадено во табелата, така што за секоја категорија дадени се од оценки од 0 до 1 (во зависност од тоа колку проценти секоја категорија е застапена во населеното место, односно пример ако категоријата е застапена со 20%, дадена е оценка 0,2).
- ❖ Во делот пристап до суперструктурни, предмет на разгледување се 8 категории и истите се оценуваат со 0 или 1, каде 0 значи дека категоријата во населеното место воопшто не е застапена, или 1 ако таа категорија ја има во населеното место.
- ❖ Во показатели, имаме 4 категории кои се добиваат на следниот начин:
    - o Категоријата густина и домување се добива со делење на бројот на население со зафатеноста на земјиштето во хектари на населеното место
    - o Категоријата патишта се добива со множење на бројот на население со коефициентот од локални патишта во делот Пристап до инфраструктура
    - o Категоријата еколошки и санитарни услуги се добива со множење на бројот на население со коефициентот од еколошки санитарни услуги во делот Пристап до инфраструктура
    - o Категоријата објекти се добива со множење на бројот на население со коефициентите од Пристап до суперструктурни објекти
- ❖ Резултатите во СИПУ табелата се добиени на начин што подкатегориите Густина на домување, Патишта, Еколошки санитарни услуги и Објекти се бодувани со бодови од 1 (најниско) до 5 (Највисоко), и тоа:

За густина и домување, според показателите:

Од 0 до 10 = 1
Од 20 до 30 = 2
Од 30 до 40 = 3
Од 40 до 50 = 4
Над 50 = 5

За патишта,според показателите:

Од 0 до 500 = 1
Од 500 до 1000 = 2
Од  1000 до 5000 = 3
Од 5000 до 10 000 = 4
Над 10 000 = 5

За еколошки санитарни услуги,според показателите:

Од 0 до 300 = 1
Од 300 до 600 = 2
Од 600 до 1200 = 3
Од 1200 до 2400 = 4
Над 2400= 5

За објекти, според показателите:

Од 0 до 300 = 1
Од 300 до 600 = 2
Од 600 до 1200 = 3
Од 1200 до 2400 = 4
Над 2400= 5

*Tabela 22: Рангирање на населените места по приоритет од крајните резултати од СИПУ табелата*

| **Ред. Бр.** | **Населено место** | **Конечен резултат** |
|---|---|---|
| 1. | Гари | 4 |
| 2. | Хаме | 4 |
| 3. | Баниште | 4 |
| 4. | Рајчица | 4 |
| 5. | Отишани | 6 |
| 6. | Џепиште | 6 |
| 7. | Горно Косоврасти | 8 |
| 8. | Долно Косоврасти | 9 |
| 9. | Могорче | 9 |
| 10. | Дебар | 19 |

Според СИПУ табелата, основен недостаток во населените места во општина Дебар се еколошко санитарните услуги од областа на јавна чистота, односно управување со отпад, имено, во сите села каде се собира комунален смет постојат диви депонии со комунален отпад, кој претежно се фрла од жителите од причина што услугата за собирање на отпадот од нивните живеалишта не може да се покрие од јавното комунално претпријатие. Депонии од инертен и гломазен отпадисто така постојат во сите населени места бидејќи немало определена локација каде се третира овој вид на отпад во територијата на општина Дебар. Ова ееден од најголемите проблеми со кои општина Дебар се соочува во моментот.

Од табелата погоре, може да се види како се рангирани по приоритет населените места во општина Дебар.

Според СИПУ табелата, предмет на анализа ќе треба да бидат следниве села: Гари, Хаме, Баниште, Рајчица и Отишани.

Согласно тоа што селата Хаме и Гари се села со население под 10 жители, односно 8 и 2 жители, и трендот на населението во овие села е во континуирано опаѓање, се очекува во наредните 5 години овие села тотално да се иселуваат и да останат празни, така да истите нема да бидат предмет на анализа.

Предмет на анализа нема да биде ниту село Баниште од причина што во оваа село во последните 2 години е направена капитална инвестиција, односно "Реконструкција на локални улици во село Баниште", инвестиција финансирана од ТАВ Македонија, во вредност од 5.872.700,00 денари.

Истотака, предмет на анализа нема да биде ниту цело Рајчица, од причина што оваа село е во непосредна близина со град Дебар, односно на само 1км одалеченост, и сите комунални и супраструктурни услуги, жителите на селото непречено ги добиваат во град Дебар.

**Врз основа на горенаведените образложенија и објаснувања и следејќи го редоследот на СИПУ табелата, со исклучување на гореспоменатите населени места, се однучи финален предмет на анализа да бидат следниве села: Отишани, Џепиште, Горно Косоврасти, Долно Косоврасти и Могорче.**

Селото Отишани се наоѓа на јужниот дел на општина Дебар, во близина на Дебарското езеро и до регионалниот пат Дебар- Струга. Соседно село со него е село Џепиште. Има целосна услуга на електрична енергија и околу ¾ од селото е приклучено во водовод, но има потреба од реконструкција на водоводната линија од резерварот до населба Горно маало, за потребите на околу 50 куќи. Во населба Горно маало, која зафаќа голем дел од селото, целосно недостасува канализационата мрежа. Патната инфраструктура е солидна со поставен нов асфалт за пристап на коли во Горно маало, но жителите на Долно маало немаат пристап до асфалтиран пат. Жителите имаат потреба за изградба на тротоар на десната страна на регионалниот пат Дебар-Струга за поврзување на село Отишанани со основно училиште во Џепиште и село Џепиште. Вода за пиење има од водоснабдителниот систем. Во

ова населено место нема основно училиште, но учениците учат во основното училиште во непосредна близина на село Џепиште. Населението претежно се занимава со земјоделие. Во ова село нема воспоставено комунална услуга - собирање на смет  и најголем проблем е појавата на диви депонии.

Селото Џепиште се наоѓа на јужниот дел на општина Дебар, во близина на Дебарското езеро и до регионалниот пат Дебар- Струга. Соседно село со него е село Отишани. Има целосна услуга на електрична енергија и во водовод, но водоснабдувњето со вода по летнте денови е недоволна, односно само 3 часа дневно. Истотака има потреба од менување на вентилите и каптажите во главната водоводна мрежа и изградба на собирна шахта, и бетонирање на каналот за наводнување во должина од 2 км од граничниот премин со Албанија до селото. Потребно е приклучувањево канализационата мрежа на Основното училиште во село Џепиште, амбулантата на селото и неколкуте куќи покрај нив. Патната инфраструктура е солидна, но недостасува тротоар во регионалниот пат Дебар-Струга за поврзување на село Џепиште со соседното село Отишани. Вода за пиење има од водоснабдителниот систем. Во ова населено место има основно училишт, амбуланта, полициска станица, граничен пренин со Република Албанија и подрачна канцеларија на Управата за водење на матичните книги. Населението претежно се занимава со земјоделие. Во ова село нема воспоставено комунална услуга - собирање на смет и најголем проблем е појавата на диви депонии.

Селото Горно Косоврасти се наоѓа на северно- источниот дел на општина Дебар, во ридско планински терен со поглед кон река Радика и регионалниот пат Дебар- Гостивар. Соседно село е Долно Косоврасти. Има целосна услуга на електрична енергија и приклучок во водовод но објектот на основното училиште во село Горно Косоврасти нема вода за пиење и има потреба за поставување на пумпа за вода. Селото има приклучок во канализациона мрежа, но има потреба за атмосферска канализациона мрежа за одводнување на атмосферските води. Патната инфраструктура е солидна, пристапот од регионалниот пат преку село Долно Косоврасти до селото е асфалтиран а селските улици се делумно асфалтирани имајќи го во предвид урбанистичкото решение на селото изградено во ридско планински терен со тесни улички со калдрма. Поради неговата местоположба, косиот терен и урбанистичкото решение на селото во кој што е многу тешко да се пристапат возилата, потребно е изградба на место за паркирање на возилата во влезот на селото. Вода за пиење има од водоснабдителниот систем. Во ова населено место има основно училиште и спортско игралиште каде што недостасува јавното осветлување. Населението претежно се занимава со земјоделие. Во ова село нема воспоставено комунална услуга - собирање на смет и најголем проблем е појавата на диви депонии.

Селото Долно Косоврасти се наоѓа на северно- источниот дел на општина Дебар, во близина на регионалниот пат Дебар- Гостивар, покрај брегот на река Радика и се граничи со Општина Центар Жупа. Соседно село е Горно Косоврасти. Селото е познато по изворот на минералните термални води и туристичкиот комплекс Дебарски Бањи- Цапа. Има целосна услуга на електрична енергија и приклучок во водовод, но некои делови од водоводната

мрежа се нефункционални. Постоечкиот резервар за вода има мал капацитет во периодот на зголемената потрошувачка каде што во некои делови на селото се појавува недостаток на вода.Поголем дел од куќите се приклучени во канализационата мрежа на селото, а патната инфраструктура е солидна, со асфалтирани улици во добра состојба. Недостасува уличното осветлување во некои делови од селото, а за постоечкото треба да се обврнува внимание на неговото оддржување поради честата појава на проблеми. Вода за пиење има од водоснабдителниот систем. Во ова населено место има основно училиште и амбуланта. Населението претежно се занимава со земјоделие. Во ова село делумно има воспоставено комунална услуга - собирање на смет за потребите на туристичкиот комплект Дебарски Бањи- Цапа и најголем проблем е појавата на диви депонии кои се приметуваат уште пред влезот на селото во брегот на река Радика.

Селото Могорче се наоѓа на источниот дел на општина Дебар, во близина на регионалниот пат Дебар- Извор- Кичево, кој моментално е во изградба. Село Могорче е најнаселеното село во Општина Дебар со околу 2700 жители. Соседно село е Осој. Има целосна услуга на електрична енергија и приклучок во водовод, но има проблеми во управувањето со водоводниот систем во селото. Истотака има потреба од менување на вентилите на водоводната мрежа.Околу 60% од куќите се приклучени во канализационата мрежа на селото, а патната инфраструктура е солидна, пристап од регионалниот пат до селото е асфалтиран а селските улици се делумно асфалтирани имајќи го во предвид урбанистичкото решение на селото изградено во ридско планински терен со тесни улички со калдрма. Голем проблем претставува пристапот на населбата Друго село во инфраструктура, односно нема пристапен пат (околу 1км) и приклучок во канализационата мрежа на селото. Вода за пиење има од водоснабдителниот систем. Во ова населено место има основно училиште, средно училиште, амбуланта и објект за детска градинка која моментално не функсионира. Населението претежно се занимава со земјоделие. Во ова село нема воспоставено комунална услуга - собирање на смет и најголем проблем е појавата на диви депонии кои се приметуваат уште пред влезот на селото.

Според барањата на жителите од населените места кои се предмет на анализа, може да се види дека во секое едно од нив се бара подобрување на јавната чистота или воведување на комунални услуги за собирање на смет, со оглед на тоа што секое од овие населени места се соочува со бројни проблеми предизвикани од создавање на диви депонии. Дивите депонии и несовесното фрлање на комунален отпад доведува до целосни нарушувања на еколошката рамнотежа. Отпадот од дивите депонии претставува причина за еколошки проблеми, како загадување на воздухот, контаминација на почвата и на подземните води. Ова е уште една причина поради која општината реши да ги искористи средствата од грантот во финансирање на проекти од областа на јавната чистота.

## 5.1. Општински средства

*Табела 23: Општински и регионални средства*

| Опис | Големина | Датум на купување/изградба | Сегашна вредност |
|---|---|---|---|
| **Уредено земјиште во км$^2$** | 8,77 | | |
| Општинска зграда м$^2$ | 2694 | | |
| Објекти од детски градинки м$^2$ | 2056 | | |
| Објекти од основно училиште м$^2$ | 9037 | | |
| Објекти од средно училиште м$^2$ | 5380 | | |
| Училишни спортскисали (основно и средно) м$^2$ | 2131 | | |
| Градска спортска сала м$^2$ | 2470 | | |
| **Неуредено земјиште вом$^2$** | | | |
| **Инфраструктура во км** | | | |
| Примарна патна мрежа | 71.2 | | |
| Секундарна патна мрежа | 48,4 | | |

Извор: општина Дебар

Од табела 23 може да се види дека Општина Дебар има уредено земјиште од 8,77 км$^2$, општинската зграда каде е сместена администрацијата има површина од 2694 м$^2$, училишни објекти во територијата на општина Дебар има 1 детска градинки во Дебар и 1 подрачна детска градинка истотака во Дебар со вкупна површина на тие објекти од 2056 м$^2$, 3 централни основни училишта во Дебар и Долно Косоврасти и 3 подрачни основни училишта во Горно Косоврасти, Могорче и Џепиште со вкупна површина на тие објекти од 9037м$^2$, 1 централно средно училиште во Дебар и 1 подрачно средно училиште во Могорчесо вкупна површина на тие објекти од 5380 м$^2$, 3 училишни спортски сали во Дебар со вкупна површина на тие објекти од 2131 м$^2$, 1 градска спортска сала во Дебар со вкупна површина од 2470 м$^2$, примарна патна мрежа има 71.2 км и секундарна патна мрежа 48.4км.

## 5.2 Работи за одржување

Секоја година општина Дебар врши одржување на следните работи кои се прикажани во табелата подолу. Секоја година, во буџетот на општината се планираат средства претежно за одржување и изградба на локални патишта и последните години и за одржување на општински згради и улично осветлување

*Табела 24: Потрошени средства за одржување*

| Ред. бр. | Опис | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | Локација | Начин на извршување |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 424320 – Одржување на локални патишта<br><br>482120<br><br>Изградба на улици патишта и автопати | 4.4770.000,00 | 36.810.000 | 8.670.000,00 | 13.640.742 | Територија на општина Дебар | Буџет на општина Дебар |
| 2 | 424390 – 482830- 421110 (ЈЗ) Одржување на општинска зградаи улично осветлување | 3.135.000,00 | 23.143.000 | 3.655.000 | 10.871.671,00 | Територија на општина Дебар | Буџет на општина Дебар |

Извор: општина Дебар

Во Табела 24 се прикажани средствата потрошени по години за одржување на локални патишта и изградба на улици и локални патишта во територијата на општина Дебар од кои средства околу 2,9 милиони денари се од ЈП за Државни патишта за одржување а останатите средства за изградба се од други инситуции и од буџетот на општината.

Додека одржување на општинскки заради и улично осветлување како што може да се види од табелата за 2019 и 2021 има покачување на потрошените средства бидејќи тука се внесени и средствата за уличното осветлување кое е со Јавно приватно партнерство.

За 2019 година се забележува голем раст на потрошени сердства за одржување како резулата на плаќање на заостанати долгови со средства обезбедени од страна на Буџтетот на РСМ со цел плаќање на заостанати долгови на Општините.

## 6. Недостатоци и потреби

Главни недостатоци и потреби кои се идентификувани за време на анализата и спроведувањето на Списокот на инфраструктура и програмирање на услуги (СИПУ) се:

- Еколошки и санитарни услуги – канализациона инфраструктура. Во овој дел, детектирани се следниве недостатоци, односно потребно е:
  - Чистење и ревитализација на површините на дивитедепонии во сите селски населени места.
  - Набавка на 20 канти за отпад од 120 литри за секоја куќа посебно за село Баниште.
  - Воведување на комунални услуги – управување со смет во населените места: Рајчица, Баниште, Отишани, Џепиште, Горно Косоврасти, Долно Косоврасти и Могорче. Исто така, подобрување на комуналните услуги во населените места каде што ги има, со оглед на тоа што општина Дебар како еден од главните проблеми кои ги има, а директно влијае на здравјето на населението, е токму несоодветното третирање на отпадот, неконтролирано фрлање на истиот и појава на диви депонии.
  - Менување на вентилите и каптажите на водоводната мрежа на село Могорче.
  - Бетонирање на каналот за наводнување во должина од 2км, од граничниот премин со Република Албанија до село Џепиште.
  - Менување на вентилите и каптажите во главната водоводна мрежа на селото и изградба на собирна шахта во село Џепиште.
  - Санација и подобрување на водоводната мрежа за снабдување со вода на село Џепиште.
  - Изградба на водоводна мрежа за снабдување со вода за пиење во определеи места каде што недостасува во село Џепиште.
  - Приклучок во канализационата мрежа на Основното училиште во село Џепиште, амбулантата на селото и неколкуте куќи покрај нив.
  - Приклучување на населба Горно маало во канализационата мрежа на село Отишани.
  - Реконструкција на водоводната линија од резерварот до населба Горно маало во Отишани.
  - Набавка и поставување на пумпа за вода во основното училиште во село Горно Косоврасти;
  - Набавка и монтирање на атмосферска канализациона мрежа за одводнување на атмосферските води во село Горно Косоврасти.
  - Санација и подобрување на водоводната мрежа за снабдување со вода во село Долно Косоврасти.
  - Изградба на нов резервар за вода во село Долно Косоврасти.
  - Набавка и поставување на хлоринаторна станица за чистење на водата во резерварот на село Рајчица.
  - Реконструкција на водоводна мрежа за снабдување со вода за пиење во определеи места каде што недостасува во Дебар.
  - Набака и поставување на канализациона мрежа за фекални води во Дебар.

- o Набавка и поставвање на атмосферска канализациона мрежа за одводнување на атмосферските води во Дебар.
- Според СИПУ табелата, исто така потребно е да се интервенира и во патната инфраструктура и тоа:
  - o Реконструкција на локална улица во населба Долно Село со должина од 1 км.
  - o Реконструкција на локални улици во Дебар.
  - o Изградба и поплочување на тротоари во локални патишта во Дебар.
  - o Изградба на место за паркирање на возилата во влезот на село Горно Косоврасти.
  - o Изградба на тротоар на десната страна на регионалниот пат Дебар- Струга за поврзување на село Отишани- основно училиште во Џепиште- село Џепиште, со должина од 2,5км.
  - o Реконструкција на локалниот пат во населба Долно маало, Отишани, со должина од 500м.
  - o Реконструкција на локалниот пат во населба Средно маало, Рајчица.
  - o Набавка и поставување на јавното осветлување во спортското игралиште на село Горно Косоврасти.
- Во делот суперструктурни објекти, потребно е:
  - o Реконструкција на објектот на Детската градинка “Брешиа” во Дебар.
  - o Ставање под функција на некогашната Детската градинка во село Могорче.
  - o Реконструкција на објектот на Јавното комунално претпријатие “Стандард”- Дебар
  - o Подобрување на енергетска ефикасност на објектот на ООУ “Пенестиа”- Дебар.
  - o Подобрување на енергетска ефикасност на објектот на ЕЛС Општина Дебар

## 7. Проекти за урбан развој, завршени, во тек и идни проекти

Општина Дебар еопштина, географски поделена на два микро региони: рамничарски дел кој се наоѓа на територија на Дебарската котлина и ридско планински дел. Рамничарскиот дел на општината е најразвиен дел, со оглед на тоа што таму се наоѓа најнаселенто население во општина, односно градот Дебар, којпретставува економски, финансиски, административен, историски, комуникациски, здравствен, културен и образовен центар на општината. Инфраструктурно е изграден многу повеќе во однос на ридско планинскиот дел и другите населени места на општината.

За градот Дебар е изработен Генерален урбанистички план на град Дебар, Измена и дополнување на Генерален урбанистички план на град Дебар за блоковите 2, 3, 5, 6, 7, 11, 15, 16, 17, 19, 21 и 25, Измена и дополнување на Генерален урбанистички план на град Дебар за блоковите 3, 4, 17 и 20, Измена и дополнување на текстуален дел на град Дебар (200- 2014) за урбаните блокови 1, 8, 9, 10, 12, 13, 14, 18, 22, 23, 24, 26, 27, 28, врз основа на кои се изработени 25 Детални урбанистички планови, а за населените места и туристичките капацитети надвор од Дебар се изработени 2 Урбанистички планови за вон населено место, 1 Урбанистички план за село Баниште и 2 Локални урбанистички плански документации.

*Табела 25: Завршени, тековни и планирани проекти*

| Завршени проекти | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Опис | Година | Локација | Износ | Финансирање |
| Патна инфраструктура | Реконструкција на локални улици во село Баниште | 2020 | Село Баниште | 5.872.700,00 | ТАВ Македонија |
| | РеконструкцијаналокаленпатвоселоОтишани (Горномаало) | 2020 | Село Отишани | 3.141.400,00 | ТАВ Македонија |
| | РеконструкцијанаНовопланиранаулица 1 и Новопланиранаулица 2, воБлок 3, Локалитет А. | 2020 | Дебар | 6.149.000,00 | ТАВ Македонија |
| | Реконструкција на локален пат во село Долно Косоврасти | 2021 | Село Долно Косоврасти | 9.738.894,00 | Влада на РСМ, Буџет на Општина Дебар |
| | Реконструкција на улица Зеќир Чанка | 2021 | Дебар | 832.140,01 | Буџет на Општина Дебар |
| | Изградба на кружен тек на улица Атанасие Илиќ | 2021-2022 | Дебар | | Буџет на Општина Дебар |
| | Реконструкција на крак од улица Братство Единство | 2021-2022 | Дебар | | Буџет на Општина Дебар |
| Комунална инфраструктура | Реконструкција на главниот водовод Росок-Дебар | 2021-2022 | Росок, Дебар | | Буџет на Општина Дебар |
| Образование | Реконструкцијана ОУ “РистеРистески”-ОпштинаДебар. | 2020 | Село Горно Косоврасти | 2.649.100,00 | Центар за развој на Југозападен планси регион-Биро за регионален развој |
| | Детско игралиште | 2021 | Дебар | 5.082.000,00 | Буџет на Општина Дебар |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Проекти во тек | | | | | |
| Патна инфраструктура | Риконструкциа на патна мрежа во населба Венец 1 | 2022 | Дебар | 22.129.720,00 | Светска Банка |
| | Реконструкција на локален пат во село Долно Косоврасти | 2022-2023 | Село Долно Косоврасти | 6,238,894,00 | Влада на РСМ |
| Комунална инфраструктура | Реконструкција на резерваротот и водоводот во с. Долно Косоврасти | 2022 | Дебар | 4,000,000,00 | Буџет на РСМ и Општина Дебар |
| Јавни објекти | Рконструкција на зградата на противпожарната единица | 2022 | Дебар | 4.700.000,00 | Центар за развој на Југозападниот плански регион-Биро за регионален развој |
| Планирани проекти | | | | | |
| Патна инфраструктура | Реконструкција на улица ибраим Колари, населба Вакоф | 2022-2023 | Дебар | 6.000.000,00 | Буџет на Општина Дебар;<br>Буџет на РСМ |
| | Реконструкција на улица 1- ви Мај | 2022-2023 | Дебар | 3.500.000,00 | Буџет на Општина Дебар;<br>Буџет на РСМ |
| | Основен проект за реконструкција на локална улица во село Спас | 2023-2025 | Село Спас | 12.778.500,00 | Тех.документација: Буџет на Општина Дебар |
| | Проект за реконструкција на локален пат за село Шушица | 2022-2023 | Село Шушица | 6.786.600,00 | Тех.документација: Месна заедница на село Шушица |
| | Основен проект за реконструкција на локална улица во село Селокуќи | 2023-2025 | Село Селокуќи | 31.458.098,00 | Тех.документација: Месна заедница на село Селокуќи |
| | Изградба на уличната мрежа во населба Венец 2 (изградба, водовод, фекална канализација, атмосферска канализација, електрика) | 2022-2025 | Дебар | 107.512.249,95 | Тех.документација: Буџет на Општина Дебар |
| | Изградба на уличната мрежа во местовикано Тилбе (изградба, водовод, фекална канализација, атмосферска канализација, | 2020-2025 | Дебар | 70.829.436,80 | Тех.документација: Буџет на Општина Дебар |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | електрика) | | | | |
| | Реконструкција на улица 8- ми Март и крак на улица Едвард Кардељ | 2022-2023 | Дебар | 1.564.580,20 | Тех.документација: Буџет на Општина Дебар |
| | Реконструкција на улица 206 во населба Венец 2 | 2022-2023 | Дебар | 1.383.829,66 | Тех.документација: Буџет на Општина Дебар |
| | РеконструкцијанаулицаАлиЗенгоски (ЕќеремЗенго) | 2023 | Дебар | 7.030.000,00 | Светска Банка |
| | Реконструкција на ул. Петре Поповски и ул. ЈНА (Здравко Чочковски) | 2022-2025 | Дебар | 14.155.280,00 | Светска Банка |
| Комунална инфраструктура | Реконструкција на водоводната мрежа во град Дебар | 2022-2023 | Дебар | 28.290.000,00 | Министерство за животна средина и просторно планирање |
| | Атмосферска канализација во населба Венец 1 и Венец 2 | 2022-2023 | Дебар | | Буџет на Општина Дебар; Буџет на РСМ |
| | Регулирање на атмосферските води во местовикано Ситница | 2022-2023 | Дебар | 9.000.000,00 | Буџет на Општина Дебар; Буџет на РСМ |
| | Реконструкција на хлоринаторна станица во главниот резервоар за вода за пиење во Дебар | 2022-2023 | Дебар | 4.800.00,00 | Буџет на Општина Дебар; Буџет на РСМ |
| | Изградба на резервоар за вода за пиење за долниот дел на град Дебар | 2023-2025 | Дебар | 36.750.000,00 | Тех.документација: Буџет на Општина Дебар |
| Образование | Основен преокт за реконструкција на детската градинка Брешиа на улица Атанасие Илиќ (Колезиа) | 2023-2025 | Дебар | 65.000.000,00 | Тех.документација: УНДП |

Извор: Стручни служби на општина Дебар

# 8. Предложени проекти, избор и консултации

## 8.1. Преглед на процесот на консултации

Општина Дебар со изработка на документот Урбанистичка ревизија ќе има интегрирани податоци во многу области и тоа: животна средина, пристап до инфраструктура, комунална инфраструктура и друго. Со алатката урбана ревизија, општината ќе се здобие со податоци за целата територија и состојбите кои се случуваат на терен. Ќе се направи проценка на приоритети на делување на целата територија на општината и начин за подобрување на состојбата. При утврдување на приоритетите во предвид беа земени критериуми како што се одговарањето на потребите кои призлегоа од урбаната ревизија.

*Табела 26: Средства на општина Дебар во Буџетот од тековните приходи по години*

| | | 2020 | | 2021 | | 2022 | 2023 | 2024 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Податоци од Буџетот на општината, општините во градот Скопје и градот Скопје** | | План | Реал. | Износ | Реал. | Износ (тековвен) | Износ (Планиран) | Износ Планиран) |
| **71** | **ДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | 52,500,000 | 72,161,279 | 77,400,000 | 65,278,722 | 78,242,000 | 79,000,000 | 93,890,400 |
| 711 | Данок од доход, од добивка и од капитални добивки | 3,700,000 | 2,815,133 | 3,900,000 | 3,127,459 | 4,042,000 | 4,500,000 | 4,850,400 |
| 713 | Даноци на имот | 12,300,000 | 7,043,904 | 12,000,000 | 10,227,187 | 12,000,000 | 13,000,000 | 14,400,000 |
| 717 | Даноци на специфични услуги | 36,400,000 | 62,211,763 | 61,000,000 | 51,824,406 | 61,700,000 | 60,500,000 | 74,040,000 |
| 718 | Такси на користење или дозволи за вршење на дејност | 100,000 | 90,479 | 500,000 | 99,670 | 500,000 | 1,000,000 | 600,000 |
| **72** | **НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | 5,847,500 | 2,934,178 | 6,000,000 | 3,889,451 | 6,500,000 | 7,000,000 | 7,800,000 |
| 721 | Претприемачки приход и приход од имот | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 722 | Глоби, судски и административни такси | 1,047,500 | 418,778 | 1,000,000 | 621,711 | 1,000,000 | 1,000,000 | 1,200,000 |
| 723 | Такси и надоместоци | 300,000 | 110,225 | 500,000 | 30,625 | 1,000,000 | 1,000,000 | 1,200,000 |
| 724 | Други владини услуги | 0 | 0 | 0 | | 0 | 0 | 0 |
| 725 | Други неданочни приходи | 4,500,000 | 2,405,175 | 4,500,000 | 3,237,115 | 4,500,000 | 5,000,000 | 5,400,000 |
| **73** | **КАПИТАЛНИ ПРИХОДИ** | 12,200,000 | 7,183,602 | 10,475,000 | 7,113,240 | 12,000,000 | 13,000,000 | 14,400,000 |
| 731 | Продажба на капитални средства | 0 | 197,440 | 500,000 | | 1,000,000 | 1,000,000 | 1,200,000 |
| 731,120 | Приходи од продажба на капитални средства кои се имот на општините | 0 | | | | 0 | 0 | 0 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 732 | Продажба на стоки | 0 | 0 | | 7,113,240 | 0 | 0 | 0 |
| 733 | Продажба на земјиште и нематеријални вложувања | 12,200,000 | 6,986,162 | 9,975,000 | | 11,000,000 | 12,000,000 | 13,200,000 |
| 734 | Приходи од дивиденди | | | | | 0 | | 0 |
| **74** | **ТРАНФЕРИ И ДОНАЦИИ** | 48,168,500 | 39,640,571 | 47,843,000 | 40,120,321 | 27,000,000 | 30,000,000 | 61,200,000 |
| 741 | Трансфери од други нивоа на власт | 25,094,500 | 16,540,171 | 25,773,000 | 17,013,975 | 3,000,000 | 4,000,000 | 32,400,000 |
| 741,115 | Дотации на општината, од приходи од ДДВ | 23,074,000 | 23,074,000 | 22,070,000 | 22,070,000 | 24,000,000 | 26,000,000 | 28,800,000 |
| 742 | Донации од странство | 0 | 26,400 | 0 | 1,036,346 | 0 | 0 | 0 |
| 743 | Капитални донации | 0 | | 0 | | 0 | 0 | 0 |
| 744 | Тековни донации | 0 | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **78** | **ПРИХОДИ ОД ОТПЛАТА НА ЗАЕМИ** | 0 | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 781 | Приходи од наплатени дадени заеми | 0 | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ***7*** | ***ВКУПНО ПРИХОДИ*** | 118,716,000 | 121,919,630 | 141,718,000 | 116,401,734 | 123,742,000 | 129,000,000 | 177,290,400 |
| | | | | | | | | |
| **40** | **ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ** | **33,458,000** | 31,323,471 | **31,750,000** | 29,252,145 | 39,262,000 | 41,000,000 | 47,114,400 |
| **41** | **РЕЗЕРВИ И НЕДЕФИНИРАНИ РАСХОДИ** | **300,000** | 120,000 | **900,000** | 795,000 | 400,000 | 5,000,000 | 480,000 |
| **42** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **31,657,000** | 26,478,924 | ***28,530,000*** | 23,024,926 | 32,620,000 | 33,000,000 | 39,144,000 |
| **43** | **ТЕКОВНИ ТРАНСФЕРИ ДО ВОНБУЏЕТСКИТЕ ФОНДОВИ** | **0** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **44** | **ТЕКОВНИ ТРАНСФЕРИ ДО ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА** | **0** | 0 | **0** | 0 | 0 | 0 | 0 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **45** | **КАМАТНИ ПЛАЌАЊА** | **0** | 0 | **0** | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **46** | **СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | **3,850,000** | 3,199,318 | **4,100,000** | 3,219,534 | 8,160,000 | 6,000,000 | 9,792,000 |
| **47** | **СОЦИЈАЛНИ БЕНЕФИЦИИ** | **0** | 0 | **0** | 0 | 0 | | 0 |
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **92,173,000** | 76,015,780 | **53,436,000** | 52,795,612 | 43,300,000 | 44,000,000 | 51,480,000 |
| 485,570 | Плаќање по гаранции | **0** | 0 | | | 0 | | |
| **49** | **ОТПЛАТА НА ГЛАВНИНА** | **0** | 0 | | | 0 | | 480,000 |
| ***4*** | ***ВКУПНО РАСХОДИ*** | ***161,438,000*** | 137,137,493 | 118,716,000 | 109,087,217 | 123,742,000 | 129,000,000 | 148,490,400 |
| | | | | | | | | |
| | Дотации | **182,113,000** | 183,855,823 | 206,733,000 | 200,316,996 | 212,568,000 | 230,000,000 | 230,000,000 |
| | Самофинансирачки активности | **15,200,000** | 6,934,821 | 13,200,000 | 4,856,166 | 9,000,000 | 8,000,000 | 8,000,000 |
| | Донации | **18,500,000** | 7,892,031 | 12,300,000 | 3,403,295 | 19,900,000 | 15,000,000 | 15,000,000 |
| **75** | **ДОМАШНО ЗАДОЛЖУВАЊЕ** | **0** | **0** | **0** | **0** | **15,300,000** | **15,300,000** | **15,300,000** |
| 751 | Краткорочни позајмици од земјата | **0** | 0 | | | | | |
| 753 | Долгорочни обврзници | **0** | 0 | | | | | |
| 754 | Друго домашно задолжување | **0** | 0 | 0 | 0 | 15,300,000 | 15,300,000 | 15,300,000 |
| **76** | **ЗАДОЛЖУВАЊЕ ВО СТРАНСТВО** | | | | | | | |
| 761 | Меѓународни развојни агенции | **0** | 0 | | | | | |
| 762 | Странски влади | 0 | 0 | | | | | |
| 769 | Други задолжувања во странство | 0 | 0 | | | | | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **77** | **ПРОДАЖБА НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ** | 0 | 0 | | | | | |
| 771 | Продажба на хартии од вредност | 0 | 0 | | | | | |

| | **Износ** |
|---|---|
| Даночни приходи по глава на жител (за тековната година) | 4,118 |
| Неданочни приходи по глава на жител (за тековната година) | 342 |
| Капитални приходи по глава на жител (за тековната година) | 579 |
| Транфери и донации по глава на жител (за тековната година) | 1,421 |

| | | |
|---|---|---|
| 71 | ДАНОЧНИ ПРИХОДИ | 77,400,000 |
| 72 | НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ | 6,500,000 |
| 731 | ПРОДАЖБА ОД КАПИТАЛНИ СРЕДСТВА | 1,000,000 |
| 731,120 | ПРИХОДИ ОД ПРОДАЖБА НА КАПИТАЛНИ СРЕДСТВА КОИ СЕ ИМОТ НА ОПШТИНИТЕ | 0 |
| 733 | ПРОДАЖБА НА ЗЕМЈИШТЕ И НЕМАТЕРИЈАЛНИ ВЛОЖУВАЊА | 11,000,000 |
| 741115 | ДОТАЦИИ НА ОПШТИНАТА ОД ПРИХОДИ ОД ДДВ | 27,000,000 |
| ТЕКОВНО-ОПЕРАТИВНИ ПРИХОДИ НА ОСНОВНИОТ БУЏЕТ НА ОПШТИНАТА ЗА ПРЕТХОДНАТА ФИСКАЛНА ГОДИНА ( 71+72+731-731120+733+741115) | | 122,900,000 |
| 30% ОД ТЕКОВНО-ОПЕРАТИВНИТЕ ПРИХОДИ НА ОСНОВНИОТ БУЏЕТ НА ОПШТИНАТА ЗА ПРЕТХОДНАТА ФИСКАЛНА ГОДИНА | | 36,870,000 |

| | |
|---|---|
| Обврски за отплати по основ на краткорочни задолжувања (во моментот на поднесување на барањето) | 0 |
| Обврски по основ на краткорочни позајмици (во моментот на поднесување на барањето) | 0 |
| Обврски за отплати по основ на потенцијалното краткорочно задолжување | 0 |
| ВКУПЕН ИЗНОС НА КРАТКОРОЧНО ЗАДОЛЖУВАЊЕ | 0 |
| | |
| Обврски за отплата на главница, камата и други трошоци поврзани со долгорочни задолжувања (во моментот на поднесување на барањето) | 0 |
| Обврски за отплата на главница и камата по основ на долгорочни позајмици (во моментот на поднесување на барањето) | 0 |
| Обврски за отплата на главница и камата поврзани со потенцијалното долгорочно задолжување | 323,186 |
| ВКУПЕН ИЗНОС НА ГОДИШНА ОТПЛАТА НА ДОЛГ ЗА ДОЛГОРОЧНО ЗАДОЛЖУВАЊЕ | 323,186 |
| | |
| Непристигнат долгорочен долг на општината (во моментот на поднесување на барањето, вклучувајќи го и потенцијалното задолжување) | 15,300,000 |
| Издадени гаранции на општината (во моментот на поднесување на барањето) | 0 |
| ВКУПЕН ИЗНОС НА НЕПРИСТИГНАТ ДОЛГОРОЧЕН ДОЛГ НА ОПШТИНАТА И ИЗДАДЕНИ ГАРАНЦИИ НА ОПШТИНАТА | 15,300,000 |

Од табелата бр.26 се гледа дека општина Дебар има раст низ тековни години во однос на даночните, неданочните и капиталните приходи и тоа се должи пред се на солидната реализација на даноците на имот и продажба на земјиште и нематеријални вложувања. Со оглед дека се соочуваме со пандемија може да се констатира дека приходите од данок на имот се солидни но, има простор за покачување на реализацијата за овие приходи.

Во делот на трансфери и донации може да се види дека е реализирано нешто повеќе од 82 % од планираното.

Во делот на задолжување може да се види дека општина Дебар има задолжување но, истото е на нивото за кое општината може да се сноси и има простор за друго задолжување по потреба на општината.

Исто така може да се види на табелата во делот на капитални расходи дека општина Дебар голем дел од планираното ги има реализирано за капитални инвестиции.

## *8.2. Критериуми за квалификување и за приоритет на проектите*

Во табелата која следува, прикажани се приоритетни барања од различен карактер, кои се произлезени од состаноците со месното население од секоја месна заедница поединечно.

*Табела 27: Барања на жителите од населените места во општина Дебар.*

| Категорија | Место | Опис на проектот |
|---|---|---|
| Патна инфраструктура | Могорче | Реконструкцијана локална улица во населба Долно Село со должина од 1 км |
| | Дебар | Реконструкцијана локални улици во Дебар |
| | Дебар | Изградба и поплочување на тротоари во локални патишта во Дебар |
| | ГорноКосоврасти | Изградба на место за паркирање на возилата во влезот на селото. |
| | Џепиште | Изградба на тротоар на десната страна на регионалниот пат Дебар- Струга за поврзување на село Отишани- основно училиште во Џепиште- село Џепиште, со должина од 2,5км. |
| | Отишани | Изградба на тротоар на десната страна на регионалниот пат Дебар- Струга за поврзување на село Отишани- основно училиште во Џепиште- село Џепиште, со должина од 2,5км. |
| | Отишани | Реконструкција на локалниот пат во населба Долно маало, со должина од 500м; |
| | Рајчица | Реконструкција на локалниот пат во населба Средно маало. |
| Комунална инфраструктура и | Баниште | Чистење и ревитализација на површините на дивите депонии. |
| | Џепиште | Чистење и ревитализација на површините на дивите депонии. |

| | | |
|---|---|---|
| комунални услуги | Отишани | Чистење и ревитализација на површините на дивите депонии. |
| | Могорче | Чистење и ревитализација на површините на дивите депонии. |
| | ГорноКосоврасти | Чистење и ревитализација на површините на дивите депонии. |
| | ДолноКосоврасти | Чистење и ревитализација на површините на дивите депонии. |
| | Рајчица | Чистење и ревитализација на површините на дивите депонии. |
| | Баниште | Набавка на 20 канти за отпад од 120 литри. |
| | Баниште | Набавка на специјално товарно возила за собирање и транспорт на комунален отпад. |
| | Џепиште | Набавка на специјално товарно возила за собирање и транспорт на комунален отпад. |
| | Отишани | Набавка на специјално товарно возила за собирање и транспорт на комунален отпад. |
| | Могорче | Набавка на специјално товарно возила за собирање и транспорт на комунален отпад. |
| | ГорноКосоврасти | Набавка на специјално товарно возила за собирање и транспорт на комунален отпад. |
| | ДолноКосоврасти | Набавка на специјално товарно возила за собирање и транспорт на комунален отпад. |
| | Рајчица | Набавка на специјално товарно возила за собирање и транспорт на комунален отпад. |
| | Могорче | Подобрување на управувањето со водоводниот систем на село Могорче. |
| | Могорче | Менување на вентилите и каптажите на водоводната мрежа на селото. |
| | Џепиште | Набавка и поставување на улично осветлување. |
| | Џепиште | Бетонирање на каналот за наводнување во должина од 2км, од граничниот премин со Република Албанија до село Џепиште |
| | Џепиште | Менување на вентилите и каптажите во главната водоводна мрежа на селото и изградба на собирна шахта. |
| | Џепиште | Санација и подобрување на водоводната мрежа за снабдување со вода. |
| | Џепиште | Изградба на водоводна мрежа за снабдување со вода за пиење во определеи места каде што недостасува. |
| | Џепиште | Приклучокво канализационата мрежа на Основното училиште во село Џепиште, амбулантата на селото и неколкуте куќи покрај нив. |

| | | |
|---|---|---|
| | Отишани | Приклучување на населба Горно маало во канализационата мрежа на селото. |
| | Отишани | Набавка и поставување на улично осветлување. |
| | Отишани | Реконструкција на водоводната линија од резерварот до населба Горно маало. |
| | ГорноКосоврасти | Набавка и поставување на пумпа за вода во основното училиште во село Горно Косоврасти; |
| | ГорноКосоврасти | Набавка и поставување на јавното осветлување во спортското игралиште на село Горно Косоврасти. |
| | ГорноКосоврасти | Набавка и монтирање на атмосферска канализациона мрежа за одводнување на атмосферските води. |
| | ГорноКосоврасти | Ставање на повторна функција на некогашната амбуланта на селото. |
| | ДолноКосоврасти | Набавка и поставување на улично осветлување. |
| | ДолноКосоврасти | Санација и подобрување на водоводната мрежа за снабдување со вода. |
| | ДолноКосоврасти | Изградба на нов резервар за вода. |
| | Рајчица | Подобрување на мрежата за снабдување со електрична енергија на селото. |
| | Рајчица | Набавка и поставување на хлоринаторна станица за чистење на водата во резерварот на село Рајчица. |
| | Рајчица | Набавка и поставување на улично осветлување. |
| | Дебар | Реконструкција на објектот на Детската градинка “Брешиа” во Дебар. |
| | Дебар | Реконструкција на објектот на Јавното комунално претпријатие “Стандард”- Дебар |
| | Дебар | Подобрување на енергетска ефикасност на објектот на ООУ “Пенестиа”- Дебар |
| | Дебар | Подобрување на енергетска ефикасност на објектот на ЕЛС Општина Дебар |
| | Дебар | Реконструкција на водоводна мрежа за снабдување со вода за пиење во определеи места каде што недостасува. |
| | Дебар | Набака и поставување на канализациона мрежа за фекални води. |
| | Дебар | Набавка и поставување на атмосферска канализациона мрежа за одводнување на атмосферските води. |

Извор: Состаноци на стручни служби на општината со локално население

Од табелата можеме да ги детектираме проблемите- барањата на жителите на поголемите населени места во општината каде има услови за одржување на редовни состаноци.

Барањата од делот патна инфраструктура (асфалтирање на улици, тампонирање и санација на полски патишта) се нешто кое општината редовно го прави, односно се планирани во програмата на општината секоја година.

Барањата од делот комунална инфраструктура се исто така помали проекти кои општината ги реализира секоја година, вклучувајќиги и канализационите мрежи за фекална канализација, за кои општината веќе има изготвено проекти кои се доставени до Министерство за транспорт и врски, Министерство за животна средина и просторна планирање и Бирото за рамномерен регионален развој, од каде се чека одобрување и средства за изградба на овие канализации.

Во делот образование, барањата се во врска со реконструкцијата на училиштата а тоа е планирано да се изврши со средства од општината и од програмите за намалување на аерозагадувањето на Владата.

Во делот Јавна чистота- собирање на комунален смет, пак, гледаме дека речиси во сите населени места, жителите се соочуваат со ист проблем, појава на диви депонии поради несовесно фрлање на комунален отпад и поради тоа што не се воспоставени комунални услуги- собирање на смет во сите села на општина Дебар.

Појавата на диви депонии поради несовесно фрлање на комунален отпад и нередовно миење на улиците и тротоарите директно влијаат на здравјето на луѓето и на животните, влијаат на загадување на почвата и на водата а индиректно влијаат и на локалниот економски развој, бидејќи чиста и еколошка животна средина е предуслов за нормален развој на општеството. Општината, односно комуналното претпријатие во моментот има човечки капацитети за да ги задоволи овие барања на жителите, но нема доволно опрема.

Според СИПУ табелата, најниско рангираните населени места, ќе се опфатат доколку се зајакнат капацитетите на општината, односно Јавното комунално претријатие на општината. Покрај тоа, подобро ќе бидат опслужени и останатите населени места во општина Дебар.